# ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при Филозофскиот факултет

# 8



СТУДИИТЕ ПО ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРЕРАСНАА ВО ИНСТИТУТ




**проф. д-р МИТКО КОТОВЧЕВСКИ**
**МАКЕДОНИЈА**
**ВОЕНАТА АЛКА НА СВЕТОТ**
**Воената географија на Република Македонија**

Континуираното изучување на географскиот простор има огромно значење во процесот на подготвување на секоја земја за одбрана, посебно од аспект на правилното и максимално користење на географските и топографските услови во случај на војна.

Ова е особено значајно за Република Македонија, која е лоцирана меѓу четирите вечни огна (соседите на Република Македонија) од кои се продуцираат можности за сериозни притисоци и активирање на голем број нерешени проблеми.

Во оваа студија се анализираат, всушност, и сите четири битни фактори за водење на војната - просторот, времето, човечките потенцијали, и материјалните можности на Република Македонија за водење на војната и за нејзино опстојување меѓу четирите огна на балканскиот зовриен котел.



**ВНАТРЕШЕН ПАТНИК**
***јуни 1997***

**Издава:**
Сојузот на студентите при Филозофскиот факултет - Скопје
ул. „Крсте Мисирков“ б.б.
ж. с-ка 40100-678-39981
тел. 116-520 локал 230

**Главен и одговорен уредник:**
Тони Милески

**Редакција:**
Оливер Бакрески
Александер Јосифоски
Соња Андоновска

**Соработници:**
Зоран В.П., Снежана Ѓ., Светлана А., Лидија Т., Бригита Л., Миланчо М., Стево М., Катерина М., Соња А., Деан И., Коце С., Љубица С., Гоце М., Билјана А., Горан С., Евица Ц., Цеко Ј., Гордана А., Ленче Ш., Елена Б., Елвир Б., Борис С.

**Техничко уредување и компјутерска обработка:**
ЕИН-СОФ

**Печати:**
МНИП „Растер“ - Прилеп

**Тираж:**
1.500 примероци

*Според мислењето на Министерството за култура на Р.М. број 08-2765/2 од 14.04.1995, за списанието Внатрешен Патник се плаќа повластена даночна стапка.*

***Првиот број на списанието Внатрешен Патник излезе од печат во мај 1995 г.***

**Покровител:**

# СОДРЖИНА

***АКТУЕЛНО***
Формирање на институт за дефектологија при Филозофскиот факултет ... 5

***ДЕФЕКТОЛОГИЈА***
Инвалидноста (не) е хендикеп ... 6

***ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ***
Циклус велики празници: Преображение ... 7

***ИСТОРИЈА***
Општествено политички падови на Панко Брашнаров ... 8

***СОЦИОЛОГИЈА***
Професијата социолог - кој, како и зошто ја лобира ... 10

***ПЕДАГОГИЈА***
Улогата на семејството во развојот на личноста на неговите членови ... 12

***ПЕДАГОГИЈА***
Квалитетна работа во училиштето ... 13

***СОЦИЈАЛНА РАБОТА***
Филозофија во менаџментот ... 14

***ФУНДАМЕНТИ***
Апокалипса наречена студирање ... 16

***ФУНДАМЕНТИ***
Менталитет ... 17

***МИСТЕРИИ***
Тајната на „Мери Целеста“ ... 18

***ЗАД ВРЕМЕНСКАТА ЗАВЕСА***
Изгубени светови 2 ... 20

***АСПЕКТИ***
Малку познати христијански храмови - „Св. Пантелејмон“ - Кочанско ... 24

***АСПЕКТИ***
Од дневникот на еден штрајкувач со глад ... 25

***АСПЕКТИ***
Кажи НЕ ... 26

***РЕПОРТАЖА***
Маурициус ... 27

***ФОТОРЕПОРТАЖА***
Карневалот и тримерските обичаи во Струмица ... 28

***ФУНДАМЕНТИ***
Кога е тој помлад ... 30

***ФУНДАМЕНТИ***
Таинствени пораки: Што сака тој да каже ... 31

***КОЗМЕТИКА***
Совети за нега на убавината ... 32

***МОДА***
LISCA советува: Одиме на плажа ... 33

***МОДА***
Разговори за модата ... 34

***ТЕСТ***
Лесно ли ја губите самодовербата ... 40

***ХОРОСКОП*** ... 41

## ШТО САКАВ ДА КАЖАМ?

Почитувани колешки и колеги,

Ова е последното патување на Патникот во оваа студиска година. Можам да кажам дека списанието ја постигна својата цел. Неговите страници станаа огледало на вашиот студентски живот. Потврда за тоа се и многубројните пофалби од студентите на нашиот, но и од другите факултети, за квалитетот и шареноликоста на темите, кои се обработуваат во „Внатрешен патник". Со оглед на тоа, може да се каже дека „Внатрешен патник" е меѓу водечките студентски списанија на Универзитетот. Високиот степен на читаност ја потврдува желбата на студентите од другите факултети да објавуваат статии во нашето списание. Патникот секогаш бил и ќе биде отворен за сите интересенти.

Посебна благодарност сакам да изразам до сите соработници, кои дадоа непроценлив придонес за популаризацијата на нашето и ваше списание. Заедно со редакцијата на „Внатрешен патник" успеавме да го насетиме пулсот на нашиот читателски аудиториум. Секој може да најде нешто интересно што ќе го задржи барем 15 минути прикован за својот работен стол, кревет, амфитеатар, факултетски ходник, во друштво со Патникот.

И на крајот, на сите студенти им посакувам успех во претстојната испитна сесија, како и пријатен летен одмор.

До следното видување, ЗДРАВО!

***Тони Милески***
***главен и одговорен уредник***



# ФОРМИРАЊЕ НА ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Точно пред 4 години започнаа првите предавања на Студиите за дефектологија при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет. Првата учебна 1993/94 година се запишаа доста студенти, што беше доказ дека интересот за овој профил на кадри за работа со глуви, наглуви, слепи, слабовиди, како и деца и младинци со ментална ретардација е доста голем. Денес наставата ја посетуваат во I година 30 редовни и 6 вонредни студенти; во II година 21 редовни и 10 вонредни студенти; во III година 45 редовни и 14 вонредни студенти и во IV година 20 редовни и 7 вонредни студенти. Наставата по сите предмети ја реализираат вкупно 17 наставници, 14 соработници и 4 истакнати стручњаци од практиката од кои непосредно на студиите по дефектологија се вработени 3 наставници и 4 асистенти. Студиите по дефектологија во почетокот се соочуваа со бројни проблеми, но на општо задоволство тие почнаа да се решаваат со успех. За нас, студентите од овие студии, беше среќна околност што брзо се формираше стручна библиотека од подарена и ново купена стручна литература, која ни овозможи да ги збогатиме нашите знаења за дефектолошките науки и успешно да ги полагаме испитите. Студиите за дефектологија организираа семинари за психомоторна реедукација кај ментално ретардираните деца и работа со аутистичните деца, на кои присуствуваа и студентите. Во текот на изминатите три учебни години студиите по дефектологија беа посетени од професори на слични студии од соседните земји и пошироко, кои ги збогатија нашите дефектолошки сознанија. Наставните содржини се презентираат со најразновидна аудио-визуелна опрема, која овозможува одблизу да се доловат сите битни моменти во работата со лицата со пречки во развојот. Во периодот од 5-8 ноември 1996 година, во Струга се организираше научно-стручен симпозиум за рана детекција, дијагностика, третман и предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот со меѓународно учество, на кој учествуваа студентите од IV година со тема под наслов: "Вклученоста на деца со пречки во развојот во детските градинки во Скопје" со претходно спроведено истражување.

Меѓу бројните активности кои ги презема студиите по дефектологија, секако, најзначајно е неодамнешното излегување на првиот број на списанието "Дефектолошка теорија и практика", кое стручно и научно ќе ги иницира и презентира проблемите и третманот врзани за заштитата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот, обединувајќи ги напорите и активностите на широк круг луѓе, кои непосредно и посредно се занимаваат со нивното разрешување. Дел од студентите на студиите по дефектологија се членови на Сојузот на студенти на Филозофски факултет во Скопје. По таа основа, тие присуствуваа на научно-наставниот совет, одржан на 9.04.1997 година, кога се усвои одлуката студиите по дефектологија да продолжат да работат како посебен Институт за дефектологија во рамките на филозофскиот факултет. Оваа вест со радост ја примија сите студенти од нашиот Институт за дефектологија, со оглед на тоа, што при крајот на оваа учебна 1996/1997 година се очекува и дипломирање на првите дефектолози од овој Институт. Осамостојувањето на студиите во посебен Институт ја наметнува потребата за отворање на постдипломски студии и пријавување на докторски тези. Да му посакаме успех на Институтот за дефектологија во реализирањето на своите понатамошни активности и планови.

*Соња Андоновска*

# ИНВАЛИДНОСТА (НЕ) Е ХЕНДИКЕП



20-тиот век донесе голема промена во однос кон дел на човештвото кој страда од трајно оштетување или загуба на некои од способностите. Изолацијата и милосрдието се потискувани со рехабилитацијата, со која со помош на посебни знаења и методи се потстрекнува развојот на преостанатите способности и така се надокнадува или ублажува недостатокот на видот, слухот, дел од телото или некои функции на организмот. Современата наука обраќа внимание на постоечкиот дефект, на она што личноста со дефект не може и на сѐ она, што таа може да работи приближно добро како што и здравите луѓе. Благодарејќи на тоа, сѐ повеќе луѓе со дефекти успеваат да се школуваат и стручно да се оспособуваат., да ги развиваат своите зачувани способности, со кои го надокнадуваат или ублажуваат недостатокот, и да се вклучат во животот како активни и самостојни припадници на општеството.

На крајот на овој век во богатите земји на Запад рехабилитацијата покажува извонредни резултати, видливи на секој чекор. На најголем број луѓе со некој дефект, достапно им е сѐ, што и на здравите, зависно од индивидуалните способности и склоности. Од тука и впечатокот дека инвалидноста е почеста во поразвиените земји. Вистина е, меѓутоа, дека дури секој петти од половина милијарда инвалидизирани луѓе живеат во богатите земји, каде што имаат подобри изгледи за успешна медицинска, професионална и социјална рехабилитација. Искуствата, всушност, на тие богати земји, потврдуваат дека рехабилитацијата се исплати. Секој инвестиран долар носи девет нови, како резултат на работата на стручно оспособениот и вработен инвалид. Тоа е и економската причина заради која ни едно општество не смее да го потцени значењето на професионалното оспособување и вработување на инвалидот.

Најнехумано е и најскапо, заради недостаток или намалена една способност, да се "отпише" човек и сѐ тоа што тој може да го работи, да се осуди на изолација.

Иако почетокот на рехабилитацијата во нашата средина не доцни зад светскиот, од разни причини малку го изгубивме чекорот, релативно мал број луѓе со дефект стручно се оспособува, а уште помалку наоѓа вработување. Највисоки стручни и научни авторитети сведочат дека е полесно да се надминат најразновидни дефекти и нивните последици на развојот на личноста, отколку бремето на општествената неосетливост и одбивност кон луѓето кои и покрај недостатокот или оштетувањето на некоја од природните способности, совладале различни знаења и вештини и се оспособиле за оваа или онаа работа да ја обавуваат исто толку добро, како и останатите.

Доколку им се пружи прилика да покажат што можат, луѓето со дефект нема да бидат судбински хендикепирани.

*Горан Симоновски*

*Циклус: "Велики празници"*



*Преображение Христово - црква Св. Ѓорѓи, Курбиново*

# ПРЕОБРАЖЕНИЕ

*„Се разбудија токму навреме за да го видат крајот на ова чудно до; додека апостолите си ги триеја очите, незнаејќи колку долго спиеле, околу нивниот сакан водач блескаше светлина"*

По предвидувањето дека ќе биде распнат за шест дена, Исус ги поведе своите тројца пријатели и ученици Петар, Јаков и Јоан, речиси до самиот врв на планината Тавор. Кога се оддалечија еден од друг, Исус клекна на колениции да се помоли. Истото го направија и апостолите. Наскоро Петар, Јаков и неговиот брат Јован станаа свесни дека се случува нешто необично. Некаква необјаснива сила го зграпчи Исус, нивниот учител. Потоа се појавија двајца мажи, кои почнаа да разговараат со Исус. На апостолите им беше јасно дека присуствуваат на еден особено значаен чин, на голем и битен прекин на надворешниот тек на природниот закон, кога двата света се допираат. Едниот од мажите беше Мојсеј, починатиот голем водач, мртов со векови, а другиот Илија, одамна погребаниот пророк. Умот им се замати, очните капци им натежнаа и апостолите паднаа во сон.

Се разбудија навреме за да го видат крајот на ова чудно доживување. Околу нивниот сакан водач блескаше светлина, а двајцата посетители си заминуваа во некоја непозната димензија - ликовите исчезнаа.

На композицијата е насликана божествена светлина, т.е. мандорла, која е во елипсовидна форма, а може да биде и кружно поставена. Во неа стои Исус Христос, а од него излегуваат светли краци. По падините на ридот се паднатите апостоли, кои биле оборени на земја од Божествената светлина, т.н. Таворска светлина. Насликана е и претстава на пророкот Илија со долга седа коса и брада и пророкот Мојсиј, млад и голобрад, покрај мандорлата на Исус.

*Љубица Сиљановска*

# Општествено-политичките падови на Панко Брашнаров до неговата трагична смрт



Панко Брашнаров

Поради настанатите промени во целокупниот живот на македонскиот народ "имало" потреба од ново заседание. Заседанието, второ по ред, се одржало кон крајот на 1944 година, од 28-30 декември на кое Панко Брашнаров повторно е избран за член на АСНОМ. Но сега го нема Поверенството за информации, а со тоа и Брашнаров како член на Президиумот на АСНОМ. Причина за неговото деградирање треба да ја бараме во ставот изнесен на Второто заседание, а тоа е противење за враќање на колонистите и чиновниците од немакедонско потекло. Со тоа Панко дал подршка на предлогот на Емануел Чучков кој бил усвоен од страна на НКОЈ на седницата од 17 ноември 1944 година за стопирање на враќањето на колонистите во Македонија, бидејќи "се работи за лица кои на незаконит начин добиле земја за време на бивша Југославија".

Со ова се настојувало да се зачува и така малиот број на обработлива земја и да се угаси гладта на македонскиот селанец за парче земја т.е. леб. Единствено се дозволувало враќање на Македонците протерани од српските полициски сили или бугарските окупатори.

Од овде, од Второто заседание на АСНОМ започнува падот на Брашнаров низ политичкиот и општествениот живот кој ќе трае сè до неговата трагична смрт.

На Третото заседание на АСНОМ одржано од 14-16 мај 1945 година во Скопје, повторно е избран за член на АСНОМ и на неговиот Президиум. На Заседанието АСНОМ бил трансформиран во Народно собрание и била избрана влада на чело со Лазар Колишевски.

Потоа Панко Брашнаров е сменет од функцијата потпретседател на Главниот одбор на НФ на Македонија останувајќи како обичен член.

Сè повеќе и повеќе се продлабочувал судирот со политичкото раководство на македонската држава, иако бил член на Народно собрание на Македонија. Судирот го продолжувале "оние кој во НОП не ги пуштиле своите деца, сега се удараат во гради и се најголемите комунисти".

Кулминација на сето тоа била Резолуцијата на Информбирото од 1948 година. Бирократизмот што преовладувал во федералното раководство, во Комунистичката партија на Југославија и во раководството на СССР го уништиле интернационализмот преобразувајќи го во "национализам". "Со избивањето на спорот, запознавајќи се со резолуцијата и писмото на КПЈ, јас завзедов негативен став по однос на ставот на ЦК КПЈ. Секоја комунистичка партија је сметам во својата битност, во својата суштина, да е интернационалистичка. Во следствие на изникнатиот спор меѓу водството на КПЈ и партиите на народните демократии и на СССР, до таков степен се изостријa односите што излезе на видело дека и од двете страни имат таква вкостенелост - таква бирократија, која не отстапува пред ништо само да достигне своја цел, пренапрегнувајќи ги интересите на меѓу народниот пролетеријат, дури фрлајќи ги под нозе неговите интереси. Реков да секоја КП во својата суштина е интернационална, инаку таа е губи својата почва под нозе и станува една ситно боржуаска - либерална партија, која само на фрази говори за револуција, а на дело е помага буржуазијата. Секоја КП во своите национални граници е хегемонистич-

ка, во противно таа исто би станала една демократска партија, која ќе работи за преведување на реформи, а не ќе има револуциони цели за уништожавањето на капиталистичката класа..." Спротиставувајќи се на настаните по донесувањето на резолуцијата на Информбирото Панко побарал во лицата на некои поранешни или сегашни функционери, сомисленици, со кои ќе работел на информирање на граѓаните за вистинската состојба околу настанатиот судир и целокупната состојба на државата воопшто. "Да се издаваат весници како "Фраје Трибјун" во Германија или "Ла Либерте" во Франција, кои би изнесувале новини и критикуват разни појави во општествениот живот".

Работејќи по линијата на Информбирото и помагајќи ги семејствата на осудените за "прифаќање" на Резолуцијата на Информбирото, еден ден во станот на улица "Александар Шчербаков" број 7 влегле овластени лица на Министерството за внатрешни работи на Македонија со наредба за притварање на Панко Брашнаров на основа на член 140 точка 3 и член 141 од Законот за кривични дела. Во утринските часови (6 часот и 25 минути) на 11 декември 1950 година му била соопштена "Наредбата за притвор", а потоа бил извршен претрес при кој бил запленет сиот сомнителен материјал. Од овој ден започнува макотрпното испитување на Брашнаров кое ќе го одведе на Голи Оток - Мермер каде ќе го заврши својот живот.

На 14 декември 1950 година Јавното обвинителство на НРМ донело Решение за продолжување на притворот над три дена против Панко Брашнаров, кој на 14 февруари 1951 година поднел жалба против неоснованиот притвор и неговото продолжување. Жалбата била одбиена на 20 февруари од страна на Јавното обвинителство на ФНРЈ, потпишано од постариот помошник Богдан Петровиќ.

Сите одлуки оделе на штета на Брашнаров. Таква била и одлуката донесена на 14 март 1951 година од Јавното обвинителство на НР Македонија со која се продолжувал преку три месеци против лицето Панко Брашнаров. Образложението на оваа одлука гласело: "Со оглед на тоа да од досега виденото следствие против окривениот Брашнаров Тодоров Панко, испакнаа нови моменти во истрагата и поради кое истата се комплицира и се укажа потреба од деталност - обработување на истражните материјали..."

Поради немање на докази против обвинетиот Брашнаров, Министерството за внатрешни работи на ФНРЈ на ден 11 мај 1951 година испратило до Јавното обвинителство на Македонија Предлог за запирање на кривичната постапка, поради направеното кривично дело од помал обем, да се испрател на друштвено корисна работа.

На 12 мај Јавното обвинителство на НР Македонија ја запрел кривичната постапка, а Службата за прекршоци на Народниот одбор за град Скопје, поради прекршување на јавниот ред и мир на 30 јуни 1951 година издал Решение со кое Панко Брашнаров бил испратен на превоспитување и на општествено корисна работа во траење од 24 месеци. Истиот ден бил испратен на Голи Оток, каде пристигнал на 3 јули 1951 година.

Неговото здравје се влошувало. Уште при патувањето до островот за "превоспитување", на сопатниците им се жалел дека бил болен од преголемото тепање при истражните постапки. Пет дена по пристигнувањето, на 8 јули, бил примен во болницата на работилницата поради "пролив". При прегледот лекарот установил дека кај Панко Брашнаров постоело големо нарушување на здравствената состојба.

За здравствената состојба дознаваме и од сеќавањата на Светозар Жочоровски кој вели: "Хигиеничарот рече дека болниот има 68 години, но личеше како да има 90... беше тотално исцрпен, не можеше да стои на нозе и не прозборе ниту збор, туку само гледаше некаде далеку, во празно. Косата му беше разбушавена, лицето потполно испиено, имаше дизентерија и беше во полукома. Ултравиолетовите зраци на кои беше изложен по цел ден, исцрпувачката физичка работа, болеста и слабото срце, покрај поодминатите години, го сторија своето. Му немаше спас..."

Посмртните останки на Панко Брашнаров не можат да се пронајдат, бидејќи до денес не се пронајдени попрецизни податоци за овој "нескршлив" борец. Само сеќавањата ни се единствен патоказ, но тие се толку различни, што нè водат во лавиринт со многу влезови, а до единствениот излез - вистината - денес не може да се стигне.

*Цеко Јовановски*



Брашнаров на митинг во с. Којница

# ПРОФЕСИЈАТА СОЦИОЛОГ – кој, како и зошто ја лобира!

Раскрстувањето со претход-ниот општествено-економски систем за социолозите не значеше никаква позитивност во промената на улогата и статусот во македонското општество. Проучувачите на општеството се сведоа единствено во рамките на егзистенцијата на науката, односно, се репродуцира онолку кадар, колку да не замре науката. Овој осврт само е задоцнет импулс на последниот повик за заживување на македонското општество и негово "небесцелно" вклучување во граѓанската иницијатива на современото европско глобално општество.

Во последно време, секојдневните многубројни контакти со луѓето наметнаа едно прашање, кое, навистина, е само позитивна рефлексија на сите негативни појави и состојби во кои се наоѓаат сите институции на општествениот систем на Македонија. Некако, изгледа, испливаа вистинските морални вредности на ова општество. Во тие контакти, мојот став за иден социолог беше сфаќан како, модерно кажано, -"промашена инвестиција". Овој однос на луѓето - интелектуалците - кои утре треба да го водат ова општество и оваа државам само повторно го отвори проблемот за местото и улогата на социологијата. Всушност, поттикнува кон малку подлабока анализа за состојбите на и околу студиите по социологија, затоа што изгледа дека најголемиот проблем, сепак, се наоѓа во нив и субјектите околу нив. Многубројни прашања и проблеми се детерминирани токму од односот на индивидуите, групите, па и целото општество кон професијата социолог.

Најчесто прашање, кое верувам, си го поставува секој социолог, а и секое лице кое барем малку се разбира од проблемите на општеството, е: каде се наоѓаат социолозите во ова наше општество? Тажно и понижувачки е да се одговори, но тоа е суровата вистина. Позади наставничките клупи; нивната примарна и најчесто единствена функција е предавањето на предметот Социологија по средните училишта или по факултетите. Нормално, има и такви исклучоци, каде што одредени поединци се вработуваат во истражувачки центри, кои во текот на годините работа се бирократизираат. Секундарната функција се остварува со тоа, што секој настојува да се снајде како умее и знае, без оглед на квалификацијата и острученоста.

Во вака настанатата состојба, состојба која не дозволува афирмативно и позитивно да се изрази и да ги покаже и докаже своите интелектуални способности, социолошкиот кадар е оттргнат и парцијализиран кон маргините на општеството. Неговата улога на анализатор и "лекар" по општествени прашања и проблеми е во најголем дел условен од слабоста на социологијата во општеството. Другите професии кои се приближно сродни, но очигледно посилни, своето знаење и способности го изразуваат со голема доза на самоувереност во точноста на преземените чекори при решавањето на општествените проблеми, што скоро секогаш резултира не со решавање, туку со продлабочување на јазот и проблемите.

...И секогаш одново се појавува детерминираноста меѓу општеството и државата. Односно, видно се наметнува релацијата за тоа, колку правото е детерминирано од општеството, а колку општеството е детерминирано од правото? Иако без некоја посебна намера и потреба за полемизирање со Правото околу неговата исправност во нашата држава, меѓутоа мора да се истакне дека правото не е најрегуларно и најправедно кон субјектите кои го прекршуваат законот, односно кон последиците што одредени пресуди ги имаат врз целото општество. Предноста е на страната на индивидуалноста на сметка на колективноста. Се добива претстава дека индивидуалноста е во преден план, а во позадината се става општеството. Можеби и затоа секојдневно се зголемуваат криминалните дејства, а во македонската морална свест се вградува една нишка, која го разјадува односот кон колективноста и го потенцира односот кон самиот себе. Всушност, егоцентризмот и алчноста се јавуваат како последица на непомирливото и гордо "удирање во гради" на правото. Само за пример, ќе наведеме дека казната за обична тепачка е скоро слична со казната за препродавање дрога или оружје (нормално, со посебен осврт на тежината на стореното дело), а да не спомнуваме за "леснотијата" на некои дела и понатамошните последици врз општеството.

Оставајќи ја оваа тема за



другпат, повторно се навраќаме на проблемите што социологијата во Македонија ги има со самата себе и со институциите што го условуваат нејзиното постоење. Високото образование, како единствен произведувач на социолошки кадар, како да ја има прескокнато и одминато потребата за разновидност на социолошката струка. Следствено на тоа, се поставува и едно прашање, кое како прашање од организационен тип, јапродлабочува бездната меѓу социологијата како наука и кадарот што со неа се занимава, а се однесува на тоа, колку високото образование создава репродукционен, превентивен и дијагностицирачки кадар за состојбите на општеството? Репродукционен кадар има премногу; - премногу наставници се произведени запредавање во средните училишта. Превентивен има онолку, колку што е потребно. Но недостасува дијагностицирачки кадар. Всушност, недостасуваат истражувачи, кои ќе можат да ги испитуваат и утврдуваат состојбите во општеството и на основа на тоа да даваат оценка за понатамошниот развиток. Единствената институција со таква специјална намена е бирократизирана и подередена на финансиерот (државата). Другата институција, која е независна и која врши двојна функција изгледа се занимава, во најголемиот дел, единствено со образование на репродуктивни кадри, што од една страна е позитивно, но од друга...

Во тој служај, сепоставува дилема, која се интересира за причините на што се должи ваквата "незаинтересираност" на примарните субјекти кон развојот на науката? Причините, најглавно, се предизвикани од неединството на, и во самите институции, а во помал дел и од економските фактори. Но, нас не нè интересираат социо-психолошките елементи во тој однос. Економските фактори отсекогаш биле и ќе бидат составен декор на сите проблеми, само во помала или поголема мерка. А социо-психолошките фактори се вистинските детерминанти заради кои социологијата е западната во вакви "недефинирани" и непожелни моменти.

Понекогаш јасно и силно, понекогаш скриено се појавува непотребен "раскол" на институциите, во самите нив и помеѓу нив. Внатрешниот раскол, па и обичниот раскол на институциите за проучување на општеството воопшто не оди во прилог на самата наука, а со тоа и посебно на општеството. Формирањето на клики чии основни насоки не се насочени кон развојот на науката, туку се насочени кон некои сомнителни самоафирмативни аспирации кои ја глорификуваат личноста, а не делото, создавајќи мини-култ на личноста, го оставаат студентот или обичниот човек далеку од суштините на науката, без можност вистински да се сфатат и разберат проблемите во општеството. И сè додека се гледа единствено личниот интерес, и сè додека од некои недефинирани и негирани работи се има личн аполза и корист, и сè додека погрешно се сфаќаат улогите на универзитетски професор и истражувач на проблемите од општествената сфера, сè дотогаш социологијата како наука ќе стагнира без правилно пратење на развитокот на општеството, и сè дотогаш ќе биде негирана, шуткана, заборавана и изоставувана. Во прашање е иднината на социолозите и социологијата како наука. Иднината на социолозите? Ха! Би сакал некој тоа да ми го образложи и докаже, а дотогаш... дотогаш социолозите кои ќе успеат да се вработат ќе предаваат социологија во средните училишта или на факултетите. Истите тие би требало да се преиспитаат самите себе, дали нивната улога на социолог ја афирмира или негира социологијата и колкав и каков е интензитетот на придонесот.

*Борис Стиццаров*

# Улогата на семејството во развојот на личноста на неговите членови

За остварување на улогата на семејството во развојот на личноста на неговите членови неопходен услов е прифаќањето и сфаќањето на другите во семејството на секој поединечен член. Во дефинирањето на семејството од страна на Fridman V. се истакнува дека тоа е „социјална и психолошка заедница, во која однесувањето на еден член влијае врз останатите и обратно“ (Zbornik radova, 1978, str. 51). Ако ваквото влијание е насочено кон усвојување на културата како што ја сфаќа Linton P. „целокупност на приучени начини на однесување, чувствување, вредносни системи и уверувања, а исто така и стекнување на добра и знаења кои се битни за одредена општествена група и се пренесуваат од генерација на генерација“ (Bergant M., 1974, str. 15), тогаш семејството ќе биде основа за социјализација на човекот воопшто, сфатена како „процес кога младото суштество од првите денови на животот го вклучуваме во некоја општествена група, преку која тоа ќе ја усвојува културата која таа група ја носи и која е обично дел од поширокото културно подрачје“ (Bergant M. 1974, str. 14).

Улогата на семејството во развојот на личноста на неговите членови ќе ја осознаеме преку улогите на сите членови поединечно, врз развојот на личноста на членовите на своето семејство.

### *1. Улога на мајката во развојот на личноста на членовите во семејството*

Поради улогата, која мајката ја има во денешното современо семејство, таа не случајно се наоѓа во зенитот на процутот на нејзиното значење. Станува збор за положба, која гледана од емотивен и физичко-материјален аспект, најмногу одделува за постигнување и задоволување на мајчиниот мотив во рамките на семејството. Нејзината вклученост во образовниот процес, нејзиното ангажирање на работни места кои досега беа исклучиво наменети за мажите и целокупното ангажирање надвор од семејството направија простор за емотивна празнина во рамките на целокупното семејство, а во тие рамки и кај сите негови членови. Затоа мајките кои не се ослободиле од чувството на вина поради отсуство од детето и семејството, при воспитувањето на децата најчесто ги прават следните грешки: „Премногу ги штитат своите деца, на децата им даваат премногу поклони, ја исполнуваат секоја детска желба, го сожалуваат детето во негово присуство, претерано му помагаат и претерано го толерираат непожелното однесување на детето“ (Savic M. 1988, str. 106). Таквите реакции се очекувана последица од брзите промени во општествениот живот и барања, кои му беа наметнати однадвор на семејството. Токму поради тоа, „мајката мора да се помири со фактот дека современиот живот носи многу грижи, незгоди, разочарувања и незадоволства. Нејзиниот успех во домот зависи од тоа, како таа ќе се снајде во тие околности“ (Бич В. Р. 1973, стр. 25).



### *2. Улогата на таткото во развојот на личноста на членовите во семејството*

Изменетата улога на мајката во семејството, која пред сè, се одразува како што е напред истакнато, врз развојот на личноста на членовите на семејството, го изменува и односот на таткото кон членовите на семејството. Пофалните песни, кои беа наменети за мајчинската љубов се сè повеќе минато. Конечно, иако малку се зборува за татковата љубов, таа во ништо не заостанува зад мајчинската љубов. Тука се мисли на „жртвите кои ги принесуваат татковците, во самоодрекнувањето со кое многу луѓе работат со години да би му осигурале средства за живеење на семејството“ (Бич В. Р., 1973, стр. 34). Истиот автор продолжува со несмален жар, прашувајќи се „колку пати татковата љубов, правата таткова љубов била изразена во мудрост и начин на кој тој барал послушност?“ За волја на вистината, ваквите констатации во денешно време се сè повеќе реалност и на простори кои покасно се зафатени со процесот на транзиција. Дали е на повидок и треба да се очекува промени на улогите на мајката и таткото во формирањето и развојот на личноста на членовите во семејството?

### *3. Улогата на децата во развојот на личноста на членовите на семејството*

Како што секоја личност има свое специфично однесување кое според Цвејиќ Т. И. ги има следните својства: „доследност, единство и особеност“ (Цвејиќ Т. И. 1989, стр. 159) така и за децата во семејството може да се зборува за посебни индивидуи, со посебен начин на однесување, врзан за нивната календарска и ментална возраст. Специфичните начини на однесување на децата во семејството влијаат со различен колорит на дејствија врз начинот на реагирање и однесување на родителите во семејството. Надминува-

њето на генерацискиот јаз кој како императив е наметнат од страна на децата врз родителите, резултира со длабоки, коренити промени во манифестациите на родителите во семејството. Таквата условеност во голема мера влијае врз личноста на родителите со тенденција за ново учење, менување и развој на истата.

Најбрзи промени во однесувањето на родителите се случуваат во периодите кога и кај детето се случуваат нагли промени. Карактеристичен за издвојување вреден период е времето, кога детето се наоѓа во адолесцентен период од животот. Во тоа време, кога младите се обидуваат да ги „превреднуваат работите“, истовремено барајќи „нови патишта како противтежа на технизираниот потрошувачки свет на старите“ (Bergant M., 1974, str. 52) се врши голем притисок врз личноста на родителите, кој условува нарушување на квалитетот на воспоставената рамнотежа во неа и поставување на повисоки барања и норми пред себе. Идеализмот, кој преовладува во периодот на адолесценција пред семејството наметнува одредени цели како „вредности на скромност, пожртвуваност, одговорност, заеднички живот и помош меѓу луѓето, негирање на малограѓанските табуи, мир, помош на сиромашните и расно угнетените...“ и т.н. (Bergant M., 1974, str. 52), кои цели со својата содржина го нарушуваат воспоставениот интегритет на личноста на родителите.

Како и да е, мора да се заклучи дека секој член во семејството на свој начин влијае врз интеграцијата на останатите членови, притоа исполнувајќи се себе и како личност и како член на семејната заедница. Со тоа, психологијата на личноста на, за себе својствен начин, ги обликува контактите во смејството и им дава посебен квалитет на нивните интерперсонални односи.

*Деан Илиев*



# КВАЛИТЕТНА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Иако е тешко да се одреди што е тоа квалитет, многу луѓе го препознаваат кога ќе го видат. Многу ученици не гледаат квалитет во работата, која од нив се бара во училиштето. Кога доброволно се пријавуваат за воншколски активности, учениците се трудат да постигнат што подобри резултати (повисок квалитет), зошто сакаат да се забавуваат, сакаат слобода. Без разлика на тоа, дали активностите во училиштето учениците ги бираат самите или не, ако не гледаат во нив квалитет, не се ни трудат да постигнат подобри резултати. На часовите активно работат помалку од десет ученика, ако ги прашаме оние, што не работат зошто не работат, ќе кажат дека наставата е досадна и дека на другите им е сеедно дали тие знаат или не. Ако ги прашаме оние, кои работат зошто го прават тоа, тие ќе одговорат дека им се потребни добри одговори за прием на факултет или за да не ги разочараат родителите, многу малку ќе кажат дека учат затоа што тоа за нив е корисно и вредно. Кога учениците ќе кажат дека не го сакаат училиштето, значи дека не сакаат да го работат тоа, што не ги задоволува нивните потреби. Денес е сè потешко да се најде квалитет во образованието, бидејќи сè оди на тоа, да школските предмети се сведат на што помали книшки знаења, кои ќе се мерат со контролни тестови. Некои ученици учат за да добијат што подобри оцени бидејќи се потребни за упис на факултет, а учениците кои немаат јасно изградена слика за факлултетот, нема многу да се подготвуваат за нив. Погрешно е мислењето дека квалитетно училиште е она, во кое учениците се послушни. Мирните и послушни ученици кои го полагаат завршниот испит со кој се мери минималното знаење и ниските способности, не работат многу квалитетно. Квалитетното образование не може да се мери со тестови на знаење. Наставниците воопшто не мислат на кквалитет кога им се обраќаат на учениците, тие единствено мислат на тоа, да учениците постигнат подобри резултати на тестовите. Притоа, тие се служат со принуда, а со тоа ја спречуваат самостојноста на учениците. Знаеме дека кога нè присилуваат да направиме нешто, ние тоа го одбиваме. За да учениците квалитетно учат, тие треба да сфатат дека тоа не е за доброто на училиштето, одделението или родителите, туку за нив. За да учениците го прифатат и ценат наставникот, тој треба да биде водач на одделението, да се грижи за учениците, а тоа што од нив ќе бара да го направат, да бие во скалд со нивните потреби. На учениците треба да им се каже дека квалитетно учење и работа е цел на училиштето, треба да се прашаат дали тие тоа го прифаќаат, треба да знаат дека за да се постигне тоа, треба многу да се вложи. Иако наставникот мора да биде крајниот оценувач на учениковиот труд, за квалитетно школо потребно е секој ученик писмено да го оцени својот труд (писмена) и да се потпише пред да го предаде на наставникот. Ако наставниците и учениците се трудат да постигнат квалитет со самооценување, ќе можат и да го постигнат, само нема да можат да го одредат.

*Снежана Ѓеорѓиевска*

# ФИЛОЗОФИЈА ВО МЕНАЏМЕНТОТ

Ако си поставувате прашање, дали ве бидува во менаџментот, еве еден одговор: и Albert Einstein имал слаби оценки по предметите физика и математика, но тоа не му пречело да создаде теорија, што генерално ја промени насоката на севкупната наука. Можеби и во вас се крие неоткриен гениј - менаџер, кој не се вклопува во медиокритетските шеми на досегашната менаџерска психологија.

Затоа внимателното наградување и усовршување со текот на времето во секојдневната животна практика е единствената алтернатива за навлегувањето во лавиринтот на оваа работа.

Менаџерството, општо земено, асоцира на следните три основни функции: лидерство, мотивација и комуникација.

Лидерите се: автократи, демократи и Lassez-faire менаџер, кој им дава одврзани раце на своите соработници.

Потенцијалите во менаџерот се слеваат во следниве четири чинители:

- Довербата во соработниците.
- Сопствената наклонетост кон одредени погледи.
- Смиреното и сигурно однесување во нејасни и непредвидливи ситуации.
- Сопствен изграден систем на проценка.

Потенцијалите на соработниците се сублимирани во одговорите на прашањата што си ги поставува во себе секој менаџер.

Потенцијалите во ситуацијата во голема мера го диктираат односот на менаџерот кон раководењето. Тие зависат од типот на институцијата, природата на проблемот што треба да се решава и притисокот на времето.

Мотивацијата не е принуда, ласкање или „нагоpower-ање" соработниците да се однесуваат онака, како што сака менаџерот. Таа, повеќе од сè, претставува процес на „креативно организирање на условите" што ќе ги насочат вработените кон постигнување најдобри резултати.

Постојат два концепти за мотивацијата што ги нудат: психологијата, педагогијата, социологијата на науката за менаџментот.

- Првиот концепт го опфаќа односот на моралот и продуктивноста,
- Во вториот се содржани потребите за човекот, кои се хиерархиски подредени.

Односот на врската помеѓу моралот и продуктивноста не е секогаш пропорционален.

Хиерархијата на потребите најдобро ја дефинирал Abracham Maslow во 1954 година. Според него, основни потреби на човекот се:

1. Физиолошки (храна, одмор, засолниште)
2. Сигурносни (заштита од повреди на телото и духот, од околината или други луѓе)
3. Социјални (припаѓање, склоности, љубов, групирање)

Потреби што треба да се задоволуваат дополнително се:

1. Угледот (препознавање, самодоверба, почитување)
2. Самодокажување (самоактуализирање, реализација на сопствените потенцијали, креативност).

Посебен акцент треба да се стави



врз истражувањето на претпоследното и последното ниво од хиерархијата на потребите, бидејќи првите три се секогаш исполнети (барем во високо развиените земји) - додека, ако станувал збор за кај нас во сегашната ситуација, тогаш тоа е знак (???)...

Кога ефектот од двонасочната комуникација е позитивен, пречките во комуницирањето лесно се отстрануваат.

Пречките најчесто се јавуваат како резултат од различното значење на одредени зборови, недоволно квалификуваниот соговор-

ник, себичниот интерес на соговорникот и злоупотребата на авторитетот заради овозможување на повратна информација.

Менаџерската филозофија на Matsushita Konosuke е заснована на фундаменталните закони на природата и општеството, а инспириран од идејата за општествената улога на секоја компанија. Во центарот на таа компанија стои човекот и реалните погледи за карактерот на човечката природа. Според него, ако нацијата има јасна менаџерска филозофија од која ќе се раководат менаџерите во преземањето на дејствијата за идниот развој, тогаш не само менаџерите, туку целата нација ќе има јасна претстава по кој пат да се движи. Менаџерската филозофија е таа, што му дава верба на луѓето и им помага на луѓето да ги постигнат своите духовни стремежи. „За тие, што раководат, мора да го развиваат својот поглед за животот, општеството и светот, да биде во хармонија со вистината, со законите на природата и општеството. Ако ставовите на еден менаџер се изградени на погрешна база, неговата менаџерска филозофија сигурно ќе пропадне“.

Мудрите луѓе никогаш не истакнуваат дека знаат многу и секогаш се стремат да соберат искуство и знаења од другите. Тој ја следел оваа политика како менаџер, тој вели: „Мислам ако мудроста на работниците влијае на некаков начин во менаџерските решенија, тогаш компанијата ќе просперира. Менаџерот треба да бара информации и совети од другите, но не треба да заборави дека решението го донесува тој. Со ваква препорака менаџерот може да биде уверен дека неговото решение ќе ја зголеми мудроста на компанијата“, вли Konosuke. Менаџментот како дејност денес високо се цени во општеството, дури се смета за еден вид уметност. Како и секоја уметност, така и менаџерската дејност е израз на креативната способност на човекот. Во тој случај, може да се каже дека во определен степен, менаџментот е еден вид уметност.

„Менаџментот е секогаш исправен лице в лице со промените, затоа што социјалната и економската средина во светот постојано се развиваат“.

Од социјална и психолошка гледна точка, уметноста има еден проценет придонес за создавањето на естетското и духовното збогатување на луѓето. Истото може да се каже и за менаџментот. Луѓето сакаат некои методи на менаџмент, додека на некои пак, не обрнуваат никакво внимание.

Менаџментот може да е уметност, но не секој менаџер има што да каже или пак, не го кажува добро. Луѓето кои сакаат да ја изучат уметноста на менаџментот треба да бидат многу внимателни кога го избираат својот модел.

Менаџментот секогаш ќе биде ценет од општеството ако изразува нешто вредно, односно додека има менаџерска филозофија, способна да го збогати духот и погледот кон општеството - светот и да ги собере сите одделни елементи за доброто на општеството.

**Сунао** е збор од јапонско потекло, кој изразува искреност, смиреност и мекост. Би можело да се каже дека **сунао** е сознание кое слободно може да се адаптира кон новите услови. Човек со ваква наклоност ги гледа нештата такви, какви што се тие во моментот, без никакви предрасуди. Човек со предрасуди гледа како низ магла или како низ скршени леќи. За него, белата хартија изгледа сина, а правата линија крива. За него, вистинската вредност останува скриена и кога донесува решение, тој се заблудува, затоа што неговите оцени се базираат врз тоа, што ги примаат неговите искривени осети, а не стварноста.




Ако човекот гледа на светот со сознание од типот на **сунао**, тој го прима светот таков, каков што е. Човекот прави помалку грешки или ако прави, може да ги прими како такви, како што може да прими и критика, која ќе ги усоврши неговите дејствија спрема законите на природата, ги сослушува своите соработници, зема поука од нивната мудрост и практика и ја користи во секојдневната пракса. Сите овие нешта менаџерот може да ги поседува ако ги прима принципите на **сунао**.

Има реални степени во практиката на **сунао**. Секој од нас би можел да достигне прв ден во некој момент од животот. Но поради тоа, што сите ние сме различни, патот по кој одиме барајќи ги принципите на **сунао**, ќе биде различен за секого. Има различни вокации, стилови и методи на менаџмент, но има една менаџерска филозофија, од која произлегуваат сите тие.

Би можело да се додаде во основата на оваа менаџерска филозофија лежат принципите на **сунао**. Без нив, човекот не може да се радува на траен успех во менаџментот, ниту на трајна среќа во животот.

*Вучев П. Зоран*

# АПОКАЛИПСА НАРЕЧЕНА СТУДИРАЊЕ



Да е само еднаш или неколку пати ќе бев сигурен дека сум среќен. Среќен дека сум нешто, но не било кое нешто. Нешто од мојата визија за животот. Да размислувам за ништожноста на студентот.

Заради спокојноста на душата често пати размислувам, нели би било поцелесообразно дека сме навистина ништо, со однесувањето да, но како со мислењето?

Единствено нешто што личи на тоа невозможно ништо е денешен студент. А и ова име не соодветствува повеќе, па затоа ве повикувам да размислувате за ново! Јас би. По такво суштество односно несуштество крсти со природни појави. Се појави и исчезна тоа. Тие судбини на снегулка која паѓа на земјата што навидум многу ја сака. "Ја сака" и затоа ја зема, не прашувајќи ја неа зошто е тука. Да стане снег или вода. Вода да, но не толку рано.

И студентот треба да стане пензионер, но не на 20 години. Пензионер се станува на 50, 60 години. Мислам дека многу од нас би биле среќни кога би имале некои пензионерски можности од видот пензија, време и т.н. Но едно е сигурно со нив, сите сме исти по намалена социјална активност. Единствено пред нас е да седиме на стари, да не речам прастари метално дрвени столови, листајќи пред себе некакви "остваренија на ресавската школа", т.н. учебници. Што е со културните активности, со забавата, со спортот. Што е со чувството на задоволство и среќа, се прашавте ли кој ни ги украл. Каде да ги бараме тие нешта, за кои сме само слушнале. Можеби би и успеале од факултетот да излеземе нормални кога би биле роботи. Но ни со роботот не може да се споредиме, тој откако ќе стане тоа што треба да биде, станува и функционален. А што бива со "студентот" да ли е тој студент. Тоа име за нас е само сон.

Верувале или не, ми текна за уште едно победно "суштество". Од бедотијата на студентот имало нешто и победно тоа е да се дипломира. Сите овие имиња не ни соодветствуваат. Ве молиме, размислувајте за промени.

*Елвир Брбутовиќ*

# Менталитет



Сите ние сме луѓе, пред сè разумни суштества. Сите ние копнееме, се бориме, губиме, победуваме... Во живеачката, таа сфера од нелегални фактори ние сме подвид од кој и не зависи многу временскиот тек на настаните.

Секој разумен, е создаден да мрази и сака, уништува и конструира... Овој баланс е еден од условите да се култивира во нашите мозочни ќелии, теоријата за вселенскиот хаос.

Сите ние сме негов неразделен дел, речиси неосознаен од друг во неговата бескрајност и беспрекорност. Хаосот е дел од сè што постои, со интенции за своја внатрешна хармонија. Човековата психологија е навидум читлива и сеопфатна, но всушност претставува минијатурна копија на вселената. Секој разумен, е разумен ако во своите креативни предиспозиции има стимулатор и медијатор.

За да се истакнеме во околината, редовно создаваме соодветна подлога на нерамноправност. Изнасилена, површината на работа попушта под дејството на посредниците, маските и политичките маневри. Редовно некој губи, а некој добива.

Културата на живеење не е сегмент на луѓето, но тие се нејзини конструктори (воедно и делови). За да се надмине менталитетот кој го имаме, социјалниот минимум и превртливоста, треба да се создаде дисциплинирана и културно освестена индивидуа, која ќе твори и создава во општество со надминати средновековни сфаќања.

Дојде време, кога секој разумен зборува за демократија, а всушност не се труди да ја заслужи, оформи во целост и спроведува. Таа негувателка на културата, не е хаотична и превртлива, но програмирана, нормирана и достојна за почит. Таа не е правда на егзекутори и езгекутирани, но правда што ја заслужува оној кој живее спротивно на екстремноста а во сооднос со социјалните прилики.

Додека на Западот, колективот го цени и почитува идентитетот на единката-творец, кај нас таа се деградира и уништува на оригиналност. Карактеристика на менталното здравје на нашиот човек е потсвесното свртување кон нашите сродни народи од Истокот. Тоа постојано адаптирање на духот нè униформира (нè прави анксиозни и зависни).

Додека од Западот пак, го преземаме кичот и негативното, и ги воздигнуваме како основа за некоја нова неартикулирана, измиксана кич култура. А со тоа губи поединецот на битие и фолклор, самостојност и креативност.

Менталитетот е релација на зацврстување на креативниот идентитет преку создавање конгломерат од традиционална и современа културна струја, која ќе биде народна и самобитна. Преку нови културни манифестации да заживее Македонското во Македонецот, а да се сочуваат белезите на нашето постоење низ вековите. Учители по морал и етика не ни се потребни, нам ни треба ренесанса во сегашноста и подигање на духовното ниво на "градба и надградба". Наместо да се бориме против туѓите наслаги од кич и фиктивна оригиналност, ние ги истакнуваме (дури и величиме).

Секој менталитет е еволуција со фази на надградба, а не финале со препознатлив крај. Имаме богат јазик, јазик со минато и култура. Тоа богатство се чува на тој начин, што се заменува со туѓи јазици, чудни рекламни пораки и перманентен наплив од интернационална лексика. Наместо да се сочува традицијата и битот, ние ги пополнуваме "празните" дупки или во целост заменуваме со туѓи обичаи и навики.

Затоа, немојте ни случајно, мои драги разумни, да го обвинувате македонскиот менталитет, зошто тој е ваше секојдневно дело, ваша културна навика, ваша чаша чај наутро, ваша новокомпонирана песна, ваша национална медија, со еден збор, секојдневна културна рутина.

Ние, Македонците, ако имаме згрешено во Бога, се каеме, но... тоа не помага. Заклучок и неоспорен факт е дека сè зависи од нас (ние не сме родени со културно сиромашсн менталитет, но напротив, народ сме со богато минато и тврдокорна култура на живеење).

Агилноста и заложбите да се создаде, иновира треба да ги заменат борбите од личен интерес и болни амбиции. Заедно можеме да успееме во потрагата по среќа и напредок, а разединети - пропаѓаме. Бидете реални, за културен развој се потребни оригинални и креативни разумни, а не нереални егоисти и дволичници.

Освестете се, Македонци, во несреќата и малата помош се вика Среќа.

*Гоце Марков - Елиот*

# Тајната на "Мери Целеста"

Имаше нешто необично на едреникот со два јарбола кој во почетокот на декември 1872 година се лулаше по брановите на Атлантскиот океан. Екипажот на еден друг брод, бродот "Деи Грација", го забележа бродот уште во моментите кога овој почна да се појавува на хоризонтот. Капетанот на "Деи Грација" Дејвид Морхаус се заинтересира за таинствениот едреник, па одреди паралелен курс за да може со сопствениот дурбин подобро да го испита таинствениот брод.



Таинствениот брод бил бригантин со четвртести едра како и "Деи Грација", но имал само два комплети. Останатите едра биле собрани или виселе слободно. Бродот се движел лево-десно како со него да управува пијан човек. Наскоро, дејвид Морхаус ја дознал причината за таквото однесување на бродот. Додека "Деи Грација" му се приближувала на бродот, тој забележал дека ниту зад кормилото... ниту на палубата... ниту било каде на бродот не се движат луѓе.

Морхаус наредил да се спушти чамец и заедно со своите офицери Оливер Дево и Џон Рајт се приближил кон едреникот. Дури тогаш на неговата крма го забележале името на бродот. Тоа бил бродот "Мери Целеста".

Кога се качиле на бродот Дејвид Морхаус ги потврдил своите сомневања. На бродот навистина немало никого.

Тој и неговите луѓе почнале да го разгледуваат бродот. Во кабината на капетанот стоел дрвен хармониум со отворени ноти на него. Веројатно сопругата на капетанот одненадеж го прекинала свирењето. На масата стоела и нејзината машина за шиење, а бројните детски играчки биле уредно наредени на креветот. Во просториите за екипажот се сушела долна облека, додека сувата и испеглана облека била наредена на креветите. Во кујната доручекот бил подготвен, а една половина веќе била послужена. Сѐ било уредно, како да е присутен целиот екипаж на бродот. А немало никого.

Понатамошната истрага го довела Морхаус до бродскиот дневник, преку кој ја открил историјата на бродот. Последен пат "Мери Целеста" е видена на 4 ноември 1872 година, кога испловила од Њујорк на својот пат до Ценова, носејќи товар од 1700 буриња непреработен алкохол. На бродот се наоѓале 37-годишниот капетан Бенџамин Спунер Бригз и неговиот прв офицер Алберт Ричардсон заедно со седумчлен екипаж. Освен нив, на бродот се наоѓале и капетановата сопруга Сара и нивната двогодишна ќерка Софија. Бригз тогаш првпат запловил на "Мери Целеста". Дотогаш командувал со помали бродови.

Ова било и првото патување на овој брод под ова име. Името му било сменето непосредно пред ова патување. "Мери Целеста" порано се викала "Амазон".

"Мери Целеста" испловила од њујоршкиот Ист Ривер и се насочила кон Азорите, кои ги забележала, според бродскиот дневник, на 24 ноември. Сѐ дотогаш времето било мирно и сите активности на бродот се одвивале по вообичаен тек. Кога ги минале Азорите, започнала силна бура и Бригз наредил да се соберат неколку едра. За тој ден во бродскиот дневник се запишани вообичаените податоци. Следниот ден,



на 25 ноември, "Мери Целеста" го здогледала островот Санта Марија. И тоа е сè. Кога "Деи Грација" го пронашла бродот единаесет дена подоцна, тој се движел неправилно по широчините на Атлантикот.

Морхаус сметал дека бродот веројатно е напуштен поради бура. Како во тој случај да се објаснат, се прашува Дево - првиот офицер на "Деи Грација", недопрените порцелански садови и отвореното шишенце со сируп против кашлица на масата во капетановата кабина? Морхаус помислил и на бунт. Но во тој случај би требало да има знакови на борба, а веројатно и жртви.

Морхаус се решил за момент да ги остави прашањата без одговор и да се сконцентрира на наградата која им следува на спасителите на бродот. Тројца луѓе од "Деи Грација", меѓу кои и Дево, поминале на "Мери Целеста" и со манир на прекалени морепловци управувале со бродот сè до неговото пристигнување во Гибралтар, оддалечен околу 600 наутички милји.

Кога "Мери Целеста" пристигнала во Гибралтар, британските власти спровеле и официјална истрага. Морхаус, Дево и останатите членови на екипажот на "Деи Грација" биле детално испрашувани. Речено е дека под креветот на капетанот Бригз е пронајден окрвавен меч. Дали тоа не е очигледен доказ за злосторство? Мечот е испитан и е докажано дека трагите од него не потекнуваат од крв. Најдени се и девет празни буриња од алкохол - додека десеттото било почнато - што укажува на можноста екипажот да бил обземен од алкохолно лудило. Дево упорно објаснувал дека во просторот под палубата сè било во најдобар ред. Прашањето што најмногу ги збунувало е, како е можно бродот да стигне до таму со така поставени едра? Таквата положба на бродот, со така поставени едра, е просто невозможна, ако некој барем неколку дена од последниот ден, запишан во дневникот, не управувал со него.

Властите во Гибралтар биле сигурни дека исчезнатиот екипаж наскоро ќе се појави. Бидејќи тоа не се случило до 10 март 1873 година, на Морхаус и на екипажот на "Деи Грација" им се исплатени 1700 фунти, 15% од вредноста на бродот.

Кога завршила истрагата, почнале да се слушаат најразлични варијанти на она што се случило со екипажот на сега веќе "проколнатиот" брод. Некои мислат дека ги заробиле гусари, некои дека ги однела огромна сила, дека поминале на леден брег кој пловел по морето, дека се заболени од треска, дека полудел капетанот и уште којзнае колку поинакви објаснувања. Најнеобичното објаснување било понудено во 1913 година.

Хауард Линфорд, управникот на училиштето во Хемпстед, Лондон, тврдел дека меѓу ракописите што му ги оставил стариот школски послужител Ејбел Фосдик го нашол решението на случајот. Во ракописот стои дека Фосдик бил единствениот непријавен патник на "Мери Целеста" и единствениот преживеан во големата трагедија.

Фосдик пишувал дека капетанот Бригз побарал од бродскиот дрводелец на неговата ќеркичка да ѝ направи подлога за играње. Додека тоа го работел, двапати засекол во дрвото од двете страни на прамецот. Овие траги подоцна се откриени на "Мери Целеста". Еден убав ден, капетанот Бригз се спречкал со својот прв офицер околу тоа, колку е човек способен да плива во облека и скокнал преку ограда тоа да го докаже. Како по команда, и другите членови на екипажот се нашле во морето затоа што кога побрзале да го видат призорот, гредата на која се потпирале, попуштила. "Мери Целеста", оставена на волјата на ветерот со раширени едра, ги оставила зад себе луѓето на кои им останало само со поглед да ја проследат како заминува.

Приказната предизвикала големи возбудувања, но подоцна е отфрлена како измислена. Така мистеријата за тоа, што се случило со екипажот на "Мери Целеста" останала до денес. А што станало со самиот брод? Кога бродот е ослободен од истражниот судија во Гибралтар морнарите одбивале да служат на него сметајќи дека е проколнат. Во следните 11 години "Мери Целеста" сменил 17 сопственици, сè дури не го купила група бизнисмени од Бостон, кои го реосигурале и испратиле на пат за Хаити. Таму во 1884 година, по мирно време, "Мери Целеста" се насукала на гребен. Измамата била откриена и сопствениците биле изведени пред суд. Во меѓувреме, "Мери Целеста" се распаднала на далечниот карипски гребен.

*Миланчо Миленкоски*



# ИЗГУБЕНИ СВЕТОВИ 2

## (Во гробниците на боговите, страв од книги)



Нашето далечно минато, преполно со нерешливи енигми, а цивилизациите кои опстојувале во него обвиени се со бројни тајни. Минатото не ни остави многу пишани документи, па затоа реконструкцијата на времето и првичните култури наликува на сложување на огромен мозаик, чија слика едвај може да се предвиди.

Многу вредни ракописи и документи, кои даваат појасно светло на нашата предисторија, се претпоставува дека и ден денес лежат во многубројните светилишта во Азија, Средна и Јужна Америка, Африка и т.н. Ако еден ден до нив дојдат истражувачите и историчарите, ќе дознаеме многу повеќе за древните цивилизации и праисториските збиднувања.

**Да се укине писменоста**

Меѓутоа, додека не дојде тој момент, да се потсетиме дека многу ракописи од непроценлива вредност се претворале во пепел и низ Средна и Јужна Америка. Имено, многу хроники кажуваат дека зад шпанските конквистадори, качени на коњи и со засукани ракави, оделе свештеници, кои на плоштадите палеле огнови и ги гореле древните книги, ракописи, слики. Се знае дека првиот надбискуп во Мексико, Дон Хуан де Сумаранга запалил неколку десетици илјади древни ракописи и хроники, кои говореле за знаменитостите на прастарите цивилизации на ова поднебје. Страшниот и бездушен надбискуп, за жал, го наследиле и останатите шпански бискупи, свештеници и војници, па така за навек се уништени и оние малку преостанати списи, кои денес се чуваат во Германија, Франција и Шпанија, ништо друго не е зачувано од историските хроники на цивилизацијата на Маите, кои денес би помогнале да го реконструираме животот на становниците на тоа поднебје. За жал, никакви поважни фрагменти не останале ни за таинствената култура на Инките.

Зачуваните преданија говорат дека во царството на Инките се појавила епидемија на некоја заразна болест. Преплашениот народ ги прашал шпанските свештеници, што да прави и како да се спаси од оваа несреќа. Одговорот бил: „Треба да се укине писменоста“.Од тој момент, големите огнови биле секојдневна глетка ширум царството. Биле палени ракописи, хроники, белешки од астрономијата, математички пресметки. Меѓутоа, биле запалени и оние, кои панично се обидувале да ги зачуваат вредните ракописи. Пишаните дела биле уништени па така една до тогаш напредна цивилизација, од тој момент, сѐ повеќе тонела во заборав.

**Прашање без одговор**

Можеби за Инките денес повеќе би се знаело, но по игра на случајот, еден шпански едреник западнал во бура, која го однела на морското дно. Се случило тоа во 1572 година. Во тој едреник се наоѓал необичен подарок за шпанскиот крал Филип II, неколку живописни ткаенини, на кои била испишана бурната историја на цивилизацијата на Инките, а кои конквистадорите ги откриле во еден раскошен храм. Слична судбина ги снашла и пишаните останки на ништо помалку интересните Ацтеки, народ кој крутиот шпански освојувач Херман Кортез го уништил во најсјајниот период. Можеби токму заради тоа, толку тажно звучат зборовите на познатиот историчар, истражувач на тоа време, Вилијам Прескот, искажани под пирамидата на Теотихуахан во Мексико: „Какви ли мисли му се наметнуваат на патникот кога чекори по пепелот на народот од кој потекнуваат овие џиновски градби, кои нѐ пренесуваат во ова сиво старо доба... Но кои биле тие градители? Дали тоа биле Олмеки, чија историја, слично како и историјата на Титаните, се губи во маглата на легендите и бајките, или мирољубивите и грижливи Толтеки, за кои говорат единствено усните преданија? Што се случи со тие таинствени цивилизации, единствени градители? Што се случи, каде исчезнаа?...“

Колку и да овие чинови на палење на пишаните останки ни изгледаат безумни, диви и варварски, тие во никој случај не биле случајни, прости, каприц или хир. Тие постапки ги диктирала главната цел на сите владетели или деспоти - да се

зачува и зацврсти власта. Појавата на човек или луѓе, чии знаења ги прават посебно силни, секогаш била многу опасна за властодршците.

**Страв од книги**

Карактеристична анегдота поврзана е со рускиот цар Иван Грозни. Кога еден ден неговите доушници му јавиле дека во Москва допатувал необичен странец со многу книги, тој пратил свои луѓе од странецот да позајмат неколку книги.

На дворските големодостоинственици делата им се виделе многу мудри. Плашејќи се од народот, да не се научи на некаква мудрост, Иван Грозни наредил сите книги да се донесат во дворот и да се запалат, а на странецот да му се надомести штетата.

**Не остана ништо**

Неизлечиви рани на историјата на човечкиот род предизвикуваат крадците на археолошките наоѓалишта. Пред нивната ненаситност исчезнува сè што е вредно и сè што може на било кој начин да се претвори во злато и пари. Ограбувани биле наоѓалишта во Централна и Латинска Америка, ширум Азија, во Африка. Ограбувани биле пред нашата ера, во средниот век, но за жал, се ограбуваат и денес. Останало забележено дека кулминацијата на ограбување на египетските гробници достигната е во време на дваесеттата династија, Силното и раскошно владеење на Рамзес I и Рамзес II било веќе минато. Следните девет фараони, освен легендарното име Рамзес немале ништо друго, што можело да се цени. Нивното владеење било повеќе отколку слабо и непрекинливо било нагризувано од подмитливост, лицемерство и корупција. Заради тоа, богатите фараонски гробници ги ограбувале речиси сите: и стражари, надгледувачи, слуги, свештеници, трговци, па дури и



фараонските советници.

Од тоа време зачуван е еден папирус на кој детално е опишан текст на еден судски процес против група ограбувачи на златните фараонски гробници. Притиснати од непобитните докази, ограбувачите признале сè, а во судскиот записник останала нивната исповест, при што покрај другото, ограбувачите ги опишале богатството што се наоѓало во гробницата. Иако не е запишано, најверојатно ограбувачите биле прогласени за виновни и осудени. Меѓутоа, Долината на кралевите и понатаму останува главна мета на белосветските ограбувачи и диви археолози.

Богатство, кое ги надминува и најобилните соништа, лежело во гробниците спремно за оној, кој можел да најде пат и средства да го добие. Порано или подоцна, ограбувачите за жал стигнувале до својата цел. Така, под рацете на овој пробисвет исчезнувале многу вредни работи од злато, сребро, скапоцени камења. Меѓутоа, исчезнуваат и драгоцени белешки, пораки на нашите древни предци, нивни записи и искуства. Исчезнуваа и сеќавањата на времето за кое како што наведовме, се губи во маглата на нашето незнаење и неупатеност.

**Бледи најави**

Она што останало и она што е сочувано до денешен ден е само сиромашен фрагмент, бледо сведочење за древното време кое тешко можеме докрај да го реконструираме. Загатките кои произлегуваат од временската завеса, не можат сосема да ги одгатнат ни најупорните археолози, геолози, палеонтолози, лингвисти, биолози... Како тогаш да ги одгатнеме сите тајни на древните и исчезнати цивилизации? Кога веќе немаме материјални докази, можат ли да ни помогнат древните легенди, свети книги, митови и епови?

Колку може да им се верува на библиските текстови и светите книги на другите народи? Што е вистината, а што само поетска хипербола во: „Махабхарата", „Канали", „Епот за Гилгамеш", Хомеровите „Илијада" и „Одисеја", Платоновите „Тимеј" и „Критија"? Каде е границата меѓу фантазијата и непобитните факти во останатите епови и дела на античките писатели и филозофи?

Како да се одговори на овие прашања?

Како да се најде пат до нив?

*Стево Момироски*

## ЗА ЉУБОВТА

На мојата пријателка С. Б.

Што да ти кажам.
Што да ти речам.

Колку повеќе кажуваш
толку повеќе грешуваш.

Ако ја бараш можеби ќе ја најдеш
а, ако не ја бараш можеби не ќе ја најдеш
колку повеќе ја има во книгите
толку помалку во жените.

Одметнику на љубовта
ти бегаш од неа, а таа од тебе
а таа сето тоа го прави за тебе.
И учејќи ги книгите учиш за неа.

Ако од љубовта бараш, а не даваш
тоа што ќе го добиеш ќе го изгубиш.
Затоа од неа не бараш ништо,
а даваш
сето тоа се прави само за љубовта.

Даваш за да не добиеш
примаш за да ти возврати
возвраќајќи те исполнува
за да исполнува треба да си
различен.

*Роберт Петрески*

## ЗА ПРИЈАТЕЛОТ

На Б. Е.

Во судбината на твојот лик
го гледам својот стих
Не можам ништо да кажам за стихот мој
за тоа кажува ликот твој.

Провидението на стихот твој
и на ликот мој нека биде
провидение на пријателството
а пријателството е двојствено.

Судбината на твојот лик
и судбината на мојот стих е
судбина за која сме згрчени
во безусловниот од на ликот и
стихот.

Безусловноста е истост но
истовремено и различност
без ликот го нема стихот,
а без стихот го нема ликот.

Да ти го кажам тоа тебе
го кажале и другите
сепак, тие не се наши пријатели
не се наш лик и наш стих, ние сме
безусловни пријатели без лик и без стих.

*Роберт Петрески*

## ***

Глува ноќ.
Глуво доба.
Празно срце
Кое сака да се исповеда.
Само ѕвездите трепераат
и најавуваат некаков нов ден,
некакво ново утро.
Кој знае какво?
Може утро преполно со јад
или утро разблескано со озон.
Сè е мртво и глуво.
Сè е без душа.
Само часовникот мрзеливо
бележи некое безвредно време
нарушувајќи ја хармонијата
на тишината.
Ушите пиштат.
Очите сами се склопуваат.
Сонот ја дава диктатурата.
Срцето, пепелиштата од љубовта
не ги осеќа.
Нашло мир во таа ноќ,
И не чувствува за прв пат бол.
Сега е тоа нешто далечно,
Нешто минато и чиниш
неповторливо.
Утеха во ноќва
се само стиховите
кои од раката и разумот
извираат како од вруток,
не оставајќи ни ронка умор,
ни ронка младост.

*Билјана Анакиева*



БИФЕ
РЕСТОРАНТ

ЛОЦИРАНО ВО
ФИЛОЗОФСКИОТ
ФАКУЛТЕТ

ПРИЈАТНО КАТЧЕ ЗА ОДМОР
НА СТУДЕНТИТЕ

## ЉУБОВ

Љубовта е љубов
што е лесно да се каже
но вистинска љубов
тешко може да се сретне.
Кога некој ќе ти каже
те сакам
знај дека те лаже
бидејќи вистинска љубов
не се кажува во очи.
Љубовта се раѓа
со погледите
се развива со бакнежите
и умира со солзите.

***

Љубовта е огледало на твојата душа.

***

Што сака човекот?
1. Здравје и долг живот.
2. Доволно храна.
3. Доволно сон.
4.Пари и сè што може да купи со пари.
5. Благосостојба на своите деца.
6. Чувство дека нешто значи.

*Билјана Дучевска*



# ТАЈНИТЕ НА ВАШАТА ДУША

***ВИСТИНИ И ЛАГИ***

*"Лажењето е една човечка привилегија, која ја немаат другите организми"*

***Достоевски***

Лажењето е намерно изврту вање на вистината и мораме да признаеме дека оваа "привилегија" човечкиот род никогаш не престана да ја експлоатира.

Во овие наши вознемирувачки и магловити времиња, лагата е често застапена. Во секој случај, таа е разорна бидејќи го убива меѓусебното поверение и ги разрушува основите на секое меѓусебно разбирање.

Скептиците тврдат дека апсолутна вистина не постои, дека таа е секогаш субјективна перцепција на реалноста која не може да се апсолутизира. Ова е многу поттикнувачка теорија за која многу мастило би се потрошило за нејзина афирмација или негација. Затоа, наместо потрага за апсолутна вистина да се завртиме кон искреноста.

Искреноста е спремност да се прифати вистината и да се покаже што во стварност се мисли и осеќа, не лажејќи се ни себе ни другите. Искреноста е одлика на ментално здрави и психо-социјално зрели личности.

Кога се зборува за секојдневната лага не станува збор за психопатолошко прашање, бидејќи нејзината најчеста цел е користољубивост. Тоа е лага на нормални луѓе, т.н. интегрална лага.

"Лажеме да се заштитиме себеси, а да го утешиме другиот; лажеме за да не ни биде страв, за да охрабриме; да ја сокриеме својата и туѓата беда. Лажеме од љубов, лажеме заради слобода. Лагата е вид на нашиот патриотизам и потврда на



нашата вродена интелигенција".

Ова се најчесто одговорите во знак на самоодбрана на оние што лажат.

Но, овој секојдневен облик на лага, како по навика може да премине во "најексклузивниот" облик на лага, а тоа е митоманија. Овој израз настанал од грчкито збор mythos (чудесна приказна) и mania (лудило).

Митоманот е психички неурамнотежена особа, лишена од внатрешна сигурност, често со потиснати комплекси на инфериорност и емоционален неуспех. Ваквата личност не се прифаќа самата себеси и својот реален живот и во потрага кон своето егзистенционално алиби или причината за своето постоење бега во фантазијата.

"... Колку е ладна и гола вистината наспроти волшебната моќ на лагата".

*Татјана С.*

## *Малку познати христијански храмови*

# СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН - КОЧАНСКО



9 август, православен христијански празник „Св. Вмч. Пантелејмон“ (Јулијански календар)

Североисточно од Кочани, во атарот на селото Пантелеј, во чест на „Св. вмч. Пантелејмон“ е подигнат велелепен христијански храм (манастир). Секоја година на овој ден десеттина илјади верници од Брегалничката област и пошироко се собираат на свечен начин да го одбележат овој македонски верски празник.

Високо над денешното село Пантелеј, во средниот век, во времето на Стефан Немања постоела стара населба и манастирски храм посветен на „Св. Пантелејмон“. Манастирот преживеал голем дел од турското владеење. дури и владеењето на султанот Селим I (1512-1520), кој пред крајот на својот живот издал заповед сите христијански храмови изградени од камен да се претворат во џамии, а на христијаните им дозволил градење на цркви од дрвен материјал. Најверојатно е срушен кон крајот на XVII век, во времето на Мехмед I (1648-1687).

Во близина на селото Пантелеј, во 1872 година е изградена манастирска црква „Св. Богородица“, која се наоѓа во манастирскиот комплекс. Тринаесет години подоцна, до црквата, од убаво изделкан камен е изграден голем манастир, повторно посветен на Св. вмч. Пантелејмон, но сега многу поблизу до селото. Манастирот претставува трикорабна базилика со две полуобличести сводови. На средниот кораб се наоѓаат три куполи и две слепи калоти. Живописот и дел од иконите се изработени од вештите раце на Димитрие Андонов Папрадишки.

Многу години во манастирот престојувале по десеттина калуѓери, кои се грижеле за имотот на храмот. Големата површина од 350 хектари која се наоѓала во атарите на селата Пантелеј, Нивичани, Бели, Зрновци и Шталковица (Пробиштипско), ја обработувале околу 20 манастирски работника со осум до девет ѕевгари волови. Имал и голем број на овци и кози. Еден од ановите во Кочани се наоѓал во сопственост на манастирот. После Втората светска војна, со аграрната реформа бил одземен манастирскиот имот освен 10 хектари.

Во врска со овој манастирски комплекс, постои предание, објавено од Илија Велев, „Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонија“, Скопје, 1990, во кое се вели: „...некоја слепа девојка Нејтана Дамева сонила ако копа на тоа место ќе пронајде вода. Кога Турците ја виделе таквата моќ, тие дозволиле да се изгради црква. Во прво време, таа била посветена на Света Богородица, а потоа на св. Пантелејмон. Првите монаси биле две лица од Лесновскиот манастир, на кои им се сонило да дојдат на местото, каде што уште не била подигната зградата, Едниот се викал Кирил, а другиот Харалампие. Вториот станал и прв игумен на новиот манастир (за нив говори и зачуваниот натпис над западната влезна врата на црквата „Св. Богородица“ - *К.С.*). Најпрво изградиле една колиба. Кога Нејтана му раскажала во почетокот на татка си за сонот, тој не ѝ поверувал и рекол дека има чуено за постоењето на таков манастир со такво име, но бил горе од насоченото место“. Ова предание е објавено и од Иван Снегаров и Георги Трајчев во 1932, односно 1933 година.

Со споменатото предание директно или индиректно е поврзано преданието за „лековитото изворче“ (кладенче) во манастирот „Св. Пантелејмон“, за кое се вели дека никогаш не го менува нивото на водата, без разлика на временските услови или користењето од верниците, кои ја користат водата за замивање или пиење.

*Коце Стојменов*

# ОД ДНЕВНИКОТ НА ЕДЕН ШТРАЈКУВАЧ СО ГЛАД

***"Што му вреди на човекот кој научил да чита и пишува, ако им препушта на другите да мислат"***

***Е. Хаушка***

Можеби еден ваков текст не е доволен за да успеам да ги опишам деновите што јас и моите колги ги минувавме во шаторот во Жена-Парк, - паркот на македонската младост, Македонци мои. Бегството од вистината сепак е краен цинизам за односот кон реалноста: едни изманипулирани други манипулатори, едни свесни, чесни и горди - други нацисти, фашисти, ксенофобични, малолетни и малоумни?!

Претставата е почната, завесата кренатa а драмата е вистинска, нема генерална проба, нејзината премиера се изведуваше на улица, само овој пат со надеж за никогаш повеќе.

Причината е позната, а бидејќи во природата сè е поврзано со причинско-последични односи, и логично е да има и последица.

Но овде јас ниту сакам, ниту пак имам желба да критикувам, да го дадам поводот, и логично, и последицата, да објаснувам зошто, како и каде и којзнае веќе кој пат да обвинувам за "нечија" глувонемост и нетолерантност, сè е доволно познато на јавноста. Овде ќе напишам како се чувствувавме ние петнаесетмината, го презедовме и последниот радикален чекор - штрајк со глад. Сите бевме во цутот на младоста, а свесно посегнавме по својот живот, но цврсто убедени дека тоа е исправно, верувавме во сè она, што го правевме и ниту во еден момент не се двоумевме во своите постапки. Баравме сосема малку: разбирање со оние, на кои им ја дадовме довербата, заштита на светата земја Македонска, троа сонце за нас и идните генерации. Но ни рекоа дека ние сме изманипулирани, и тоа е точно! А со нас, и целиот македонски народ, од оние, кои ветија мир, сожителство и толеранција на ова мало парче земја, која со векови била распарчувана и поробувана.

Во нас, во нашата душа и срце сè уште имаше надеж дека ќе победи



правдата и вистината, надеж која беше поголема и од гладот, иако и тој си го правеше своето, нашите животи со секој ден поминат беа во опасност а физичката сила беше сведена на минимум. Почнаа нашите другари да паѓаат, скоро секој ден имаше по некој, кој беше хоспитализиран во болницата. И покрај сè, оние кои останавме да продолжиме не ја изгубивме желбата да успееме иако бевме свесни за сите физичко-психички последици врз нашето здравје.

Со секој наш паднат другар ние сè повеќе бевме револтирани, не поради тоа, што некој не издржал, туку поради неодговорноста, лицемерието и игнорирањето од оние, кои во раце ја имаа сета моќ.

И покрај сè, нашето место беше овде, бидејќи и тоа е една од институциите во правната демократска држава која се залага за остварување на сите човекови права и слободи на граѓанинот, за слобода на јавното мислење и медиумите и сл. Очигледно сите знаете колку е тоа остварено. Некаде околу последните денови, кога докторите се бореа за животот на некој наш другар, очигледно беше дека и овде некој го положи својот живот, власта ќе останеше под стаклено ѕвоно.

На Македонија најмалку сега во овој момент ѝ се потребни жртви. Доволно солзи и крв се има пролеано за сите паднати македонски деца, и доволно во црно се има облекувано!

Ние сме ѝ потребни живи, со нашата младост, радост, непокорување, и овојпат ја одржавме најголемата лекција за демократијата. Македонецот е разбуден и ослободен од деградација на неговиот интелектуален ум, од идеологии и верувања во некоја харизма и било какви самонаречени "божји месии", кои на Македонија ѝ го подарија мирот.

Македонецот тоа го спозна и незалудно борците за демократијата ги нарече апостоли.

Слава му на македонскиот народ и неговата исконска желба за зачувување на својот интегритет и независност.

*Евица Цветковска*

# Кажи НЕ!

Отсекогаш ме пратеше син дромот "помагање на другите". Со љубов секогаш бев спремна да помогнам на другите. Но јас не можам да бидам на располагање! Завршено е со услугите кои ме оптеретуваа, а на другите животот им го правев позгоден.



Решив повеќе да не бидам глупа овца која допушта сите да ја шишаат. Сите ја прифаќаа мојата услужност. А што даваа за возврат? Ништо?

Ми требаше време да сфатам дека мојата желба да бидам сакана и стравот дека ќа ја изгубам љубовта беа основна причина за мојата спремност да помогнам. Три горчливи искуства беа потребни за да ми ги отворат очите. Беше тоа будење - болно - но неопходно. Инаку до крајот на својот живот можев да се прашувам: Дали можам да помогнам? - Дали можам нешто да изменам. Притоа ќе се надевав дека со својата заслуга ќе ја здобиев љубовта. И сè така ќе се одвиваше до бесконечност, ако во краток временски период не ги доживеев трите горчливи разочарувања.

Првото разочарување го добив од момчето со кое се забавував подолго време. Тој го заборави мојот роденден. Такво нешто не може да се случи. Не, кога некого сакате. Но дали тој ме сакал? И кој воопшто ме сакал? Во потрага по одговорот не најдов ниту еден човек во кој би можел да имаш доверба и со кој би можел за тоа да зборуваш.

Молчев и кога ме остави еден драг пријател, бидејќи луѓето на силе не се враќаа, сè зависи од нив, што ќе изберат во животот.

Разочарувањето што нешто покасно ми го приреди колешката не можев да го сокријам. Просто не можев да ги сфатам зборовите што ги изговорила таа. Тоа случајно го дознав, кога сè веќе беше завршено. Болеше, но јас само молчев, а потоа си реков: "Зарем мислам дека со својата спремност да помогнам можам да ја купам наклонетоста кај луѓето". И сакав да видам како ќе се чувствувам кога ќе научам да кажувам НЕ.

Меѓутоа, тоа беше моето ранливо место. Мојот страв дека нема да бидам сакана ме прати уште од детството. Многумина пријателки во мојата околина сметаа дека мојата добродушност е глупавост. Додуша, тие ја прифаќаа мојата помош, но во одреден момент се дистанцираа од мене.

Тогаш се одлучив да го изменам својот живот и конечно еднаш да кажам НЕ. Тоа и не е така едноставно. Секое климнување со главата беше поврзано со страв дека ќе се расклима една врска и ќе се изгуби љубовта од една личност.

Но, по мојата прва погласна побуна, брзо забележав дека со своето НЕ бев во право.

Сега знам: Да бидеш на секого на располагање не значи да бидеш сакана од секого. Напротив. Од кога почнав да не дозволувам луѓето да ме искористуваат - тие повеќе ме почитуваат и прифаќаат отколку порано. Повеќе не живеам за другите туку со нив и за себе. Тоа е едно пријатно чувство кое опушта.

Беше крајно време да се спротиставам на искористувањето на другите луѓе.

*Л. Тасева*

# МАУРИЦИУС



***Тешко е да се најде на географската карта на светот. Вулкански остров во Индискиот океан во групата Маскаренски острови, источно од Африка и Мадагаскар. Има околу милион жители, а главен град е Порт Луис.***

Маурициус ја има сета егзотика од најегзотичните места во светот, но ниедна од нив не доминира. Нема високи планини, ни вистински џунгли. Нема чартер летови и масовен туризам. Нема еколошко загадување. Само недопрени плажи, прегрнети од корални гребени, проѕирни морски лагуни, таинствено прекрасни пејсажи, хотели, мудрост и шарм на гостопримливите луѓе и рајска слобода за оригиналните гревови.

Маурициус се сонча во пазувите на најтоплиот, Индиски океан, поточно во жешкиот Каприкорн, ограничен со Африка, Индија и Австралија. Го имаат откриено Арапите. Низ историјата бил посетуван од Португалците и колонизиран од Холанѓаните, Французите, Британците. Добил независност во 1968. Вистинско уживање е да се талка по плажите, да се разгледуваат знаменитостите, да се скија на вода, сурфува, пешачи, да се ловат големи риби. Во внатрешноста на лагуните може да се нурка и да се истражува подводниот свет со најчудна морска фауна, планктон и корали во светот. Може да се изнајми бротче за риболов, опрема за рибарење. Да се собираат полжави и школки, да се игра голф итн.

Во внатрешниот дел има 720 квадратни милји, на кои се простираат илјада милји добри патишта, меѓу дрвјата разгранети како букети, меѓу планини, длабоки кратери, диви клисури, стрмоглави потоци и реки полни со вода, виножита и ѕвезди што паѓаат, села со бујна вегетација, градови со шарм на старите колонијални куќи, околу кои растат цвеќиња. Луѓето се уникатни во нивната разновидност: Индијанци, Креоли, Муслимани, Французи, Кинези... Сите тие се вклопуваат во единствената егзотика на Маурициус и со себе го носат богатството и духот на Азија, Европа и Африка, слободен и независен. Ширејќи ја нивната оригинална култура, живеат, работат и создаваат разновиден космополитски свет. Продавниците се во знак на Франција, Англија и Кина, или во знак на сите три заедно. ТВ и радио програмите се на повеќе светски јазици.

Жителите го слават речиси секој фестивал под сонцето, од Божиќ до кинеската Нова година. Спектарот од бои, култура, обичаи, јазици, природни убавини, гастрономски специјалитети ја прават душата на Маурициус. Островот е опкружен со спектакуларни корални гребени, што се трансформираа во моќниот Индиски океан во крајбрежни лагуни како бањи, поврзани со златни плажи, покриени со златен мек песок под егзотичните палми. Водата во овие лагуни е измешана во различни нијанси од сина, зелена, тиркизна, индиго, со кристална провидност.

Што се однесува до кулинарството, овде се откриваат тајните од трите континенти, може да се најдат специјалитети од секаде. Од свежо уловени остриги, ракови, јастози, до џиновски локални ракови, кои се сервираат со сос и со срце на 7-годишна палма, позната како милионерска салата. Овде може да се проба најслаткиот ананас на светот, манго, авокадо, егзотичните тропски коктели како светски познатиот Маурициус бел рум, со вода од кокос и мраз.

Навечер може да се танцува под ѕвездите во многубројните хотели и ноќни клубови покрај плажите. Или да се фати ритамот на пулсирачката Сега - фолклорен танц, инспириран од љубовта и среќата.

Или, едноставно, може да се ужива низ мекиот песок, воодушевувајќи му се на ноќното небо над Маурициус и на ѕвездите што изгледаат толку блиску, што посакуваш да ги допреш.

*Ш. Л.*

# Карневалот и тримерските обичаи во Струмица

Читајќи весници и гледајќи телевизија честопати сме во можност да уживаме во кадрите од познатите светски карневали, чиешто одржување најчесто е поврзано со некој празник. Притоа не треба да заборавиме дека една иста таква манифестација секоја година се одржува и кај нас. Тоа е познатиот Струмички карневал.

Имено, на 11.03.1997 година во Струмица се одржа традиционалниот Струмички карневал, кој предизвика големо интересирање не само кај домашната туку и кај меѓународната јавност, бидејќи овој карневал (во 1995) доби меѓународен легитимитет со неговото зачленување во големото друштво на европски карневали.




Познато е дека овој традиционален карневал постои уште одамна, т.е. уште од периодот пред прифаќањето на христијанството. Кон оваа традиција жителите на Струмица строго се придржуваат и настојуваат што повеќе да го оживотворат во неговата оригинална форма. Денес речиси сите обичаи, традиции и празници ја имаат изгубено својата првобитна или изворна форма, но сепак, сè уште некако успеваат да егзистираат со сите церемонии што ги следат.

Со карневалските обичаи во Струмица се одбележува завршувањето на зимските празници и започнувањето на пролетните. Овој празник започнува во недела од Поклади, односно Прочка, кој е ден на детскиот карневал. На тој ден децата маскирани, во придружба на своите родители одат на гости кај своите роднини и пријатели. Понеделник е т.н. *чист понеделник*, кога некои одат на Цареви Кули, каде варат посен грав. Со тоа започнува тримерскиот пост. Во вторник е традиционалната карневалска вечер, кога маскираните лица шетаат по улиците на градот, а во доцните часови некои заминуваат по домовите, каде има армасани односно верени девојки. На овој ден најчесто се маскираат армасникот односно вереникот и неговите другари и сите одат кај армасаната девојка. Невестата мора меѓу маскираните лица да го препознае својот иден сопруг. Додека не го препознае сите молчат, а откако ќе го открие започнува веселбата. Утредента, во среда, се тримерските празници за чиј постанок има неколку преданија.

Тримерите се мошне стар христијански обичај, кој води потекло од периодот пред христијанската вера. Тие се поврзани со Велигденските пости.

Според едно од преданијата, Тримерите останале од прастаро време, уште додека владееле Евреите. Во времето на зачетокот на христијанството, луѓето строго се придржувале кон црковните обреди и наредби. На Евреите им било кри-

во што христијаните се верни на тие начела, па намислиле да им ја осквернават верата. Кога христијаните запостиле за Велигден, сите пекари се договориле, кои во тоа време исклучиво биле Евреи, да го замесат лебот со крв за да им го осквернават постот на христијаните. Но христијаните дознале за тоа, па утредента никој не купил од тој леб. Целиот испечен леб на Евреите им останал непродаден. Евреите и утредента не замесиле друг леб, мислејќи дека христијаните ќе се поколебаат, но и тој ден лебот им останал непродаден. Истото се повторило и третиот ден, а тие три дена христијаните јаделе само варено жито. Кога Евреите виделе дека христијаните се навистина непоколебливи, го исфрлиле целиот леб и замесиле друг. Така, за спомен на ова истрајно држење на тогашните христијани и денес се тримерува.

Тримерите по своето првобитно, односно изворно значење и форма се еден мошне стар христијански обичај. Самото име потекнува од грчките зборови *трис мерес*, во превод три дена и е со значење тридневен пост. Тие се сместени во првата недела од Велигденскиот пост, наречена *првопосна* или *Тодорова* недела и претставува една построга, односно најстрога форма на постење, бидејќи за овие три дена, додека се пости, оние кои почнале не смеат ништо да јадат, ниту да пијат. Најчесто постеле армасаните, односно верените девојки и девојки пред мажење. Девојките се собирале заедно да постат во куќата на армасаната. Останатите членови на фамилијата или гости кои доаѓале во куќата, строго избегнувале пред „тримерџиките" да пијат или да јадат, па дури и да зборуваат за јадење и пиење, бидејќи тоа го сметале за голем грев. Грев било ако некоја девојка почнала да пости, па се откажала. Обичај било, секоја девојка што ќе почне да тримерува треба да тримерува три или пет години по ред.

Тие, кои ги издржале тримерите, во среда рано изутрина одат во црква за да примат од попот *ајазмо*, т.е. крстена вода од Водици и нафора. По земањето на ајазмото, можеле да јадат и пијат секакви јадења, но пак посни и тој ден тие се поштедени од секаква работа. На армасаните девојки кои го издржале постот, свекрвите како еден вид награда им носеле синии со разни посни јадења, обичај кој до денес се одржува.

Денес, овој тримерски пост многу ретко се пости. Целиот тој тримерски церемонијал, односно т.н. *празник на армасаните*, се случува во домот на невестата (армасаната девојка), во среда, и тој ден го прославуваат исклучиво жени, кои одат на ручек кај армасаната. Гостите што ги кани свекрвата, одат групно, односно прво се собираат кај свекрвата. Секој кој оди на ручек, ѝ носи подарок на невестата. Порано само свекрвата носела гости, но денес и мајката на армасаната кани свои гости.

Ручекот започнува некаде по 12 часот и за таа пригода се готват специјални јадења, и тоа: сарма од кисела зелка без месо со ореви, посен бел грав, варена пченка со ореви, а како десерт се служи зерде (сутлијаш без млеко со вода), бела алва, овошје, локум, компот, суво грозје, наместо леб се служат погачи односно чуреци, месени со квас и наут, т.н. наутлии погачи. За пиење се служи исклучиво боза. Ручекот поминува во доста весело расположение. Бидејќи се собираат само жени се прават разни безобразни муабети и се пеат разни песни со еротска содржина.

Целта на овие еротски песни и разговори е подготовката на индиректен начин на идната невеста од постарите жени, да се упати и подготви за идниот брачен живот.

Инаку, в среда претпладне од страна на свекрвата и од најблиските роднини на вереникот се носат подароци за невестата. Ги носат деца, придружени од најстара жена од семејството на вереникот. Сè е наместено на послужавници, покриени со убави прекривки - бовчи, или пак, синии, кои обично се три. Во првата синија е облеката, сè што е потребно за вереницата, во втората е овошје, а во третата е чурекот, локум, зерде и алва. Такви синии и невестата му испраќа на свршеникот.

Порано бил обичај по ручекот откај верената, сите гости и верената да одат на Цареви Кули и тука пак со музика, игра и песна да се веселат, а за јадење се служело од синиите, што верената ги добила од свекрвата. На тој ден, овде се качувале и бозаџии, кои продавале боза, но овој обичај, одење на Цареви Кули, денес е напуштен.

*Елена Банова*



# Кога е тој помлад!



Романтично гледа на љубовта и не ги познава границите. Сепак, кога тој е помлад од неа, многумина забораваат на таа романтична љубов. Иако се сè поголеми врски во кои девојките или жените се постари три-четири или повеќе години, околината сомнително гледа на нив. Ако двајцата заљубени се млади (таа 18, а тој 15 години) се зборува дека е таа премногу зрела за него, ако се нешто постари, се прогнозира дека врската ќе пропадне кога жената ќе стане средовечна, а тој своето внимание ќе го насочи кон помлади девојки.

Секогаш сме само жртви на општествените предрасуди и шеми, изложени кон најголемиот непријател на љубовта - ризик да испаднеме смешни. Врската што опстојува е опасна авантура. Вљубените ги поврзува взаемна љубов, но и чувство дека мораат да се спротиставаат на сите за да ја сочуваат својата љубов. Таа борба може да ги одржува заедно, но исто така, може и да ги измори.

Како да се постапи? Лесно е да се рече: „Не слушај ги другите што зборуваат. Важна е само љубовта“. Не можеме, а би било и опасно да се изолираме од околината. Уште полошо е да им се придава големо внимание на сè она, што ќе речат другите луѓе. Да се одбере среден пат, е единствено но и најтешко решение. На вас не ви пречи што тој е



помлад - секогаш тоа имајте го на ум. Не прифаќајте ги туѓите осуди, но и не „солете“ му на секој памет дека вие за тоа мислите на друг начин, а исто и поинаку сето тоа го доживувате. Најдобро е да уживате во својата љубов и внимателно да се обидете да ја наметнете на својата околина, без големи зборови и докажувања. Најпосле, тоа е ваша љубовна врска и само од вас и од него зависи каква ќе биде. И не е важно, што мислат соседите, колегите, познаниците. Вистинскиот пријател ќе ве разбере. А тоа е доволно.

*Катерина Миниќ*



# Таинствени пораки

# Што сака тој да каже?

Ако нашиот живот е „низа на разговори“, понекогаш наместо да водиме дијалог, си поставуваме едни на други загатки. Често тие загадочни пораки ни ги упатува партнерот (или особата со која сакаме да бидеме во животот). Мажите и жените имаат два различни стила на комуникација. Но, проблемот не е во стилот на комуникација, туку во она што се говори: речениците што изгледаат едноставни и јасни, во суштина значат нешто сосема друго. Обично се употребуваат секогаш исти фрази:

**Не ми се јавувај, јас ќе ти се јавам** - заслужува да се најде на прво место, бидејќи ова е една од најфреквентните и најзагадочните машки реченици. Најчесто е изговорена после заедно поминатата средба, која многу ветува. Ова е реченица, поради која многу женски особи поминуваат цели денови, прашувајќи се зошто телефонот не ѕвони. За неа, оваа реченица значи: „Јас ќе ти телефонирам“, а за него: „Не ми се јавувај“, „Те молам, не барај ништо од мене“, „Морам да избегам од тука“, „Оваа приказна повеќе не ме интересира“, „Кај сум ги оставил кондурите?“, „Зафатен сум следните дваесет години“, „Беше забавно, збогум“, „Знаеш, навистина морам да те напуштам“, „Можеби навистина ќе ти се јавам“.

**Ти заслужуваш подобра особа од мене**, со варијанта: **Те оставам, бидејќи не те заслужувам.** Дали тоа значи дека тој е свесен дека вие сте една прекрасна, умна и убава особа, но дека не може да поверува во својата среќа? Вистината може да биде сосема подруга, се заљубил во сосетката или има врска со колешката или едноставно му здосадило. Но бидејќи се чувствува виновен, настојува да ја разубави вистината. Се обидува да ве увери како ви помага. Вие настојувате да го убедите дека тоа не е така, дека го сакате онаков, каков што е. Проблемот е во тоа, што тој повеќе не ве сака.

**Знам дека ќе ме разбереш** - Ова е вовед во доста непријатни признанија (измами, долгови...) Во суштина, вие не сакате да разберете. Попрво би направиле сцена.Но како да ги разочарате таквите очекувања? За награда го добивате признанието: „Ти си навистина една умна особа“. Умна, бидејќи разбира, прифаќа, простува сè она, што тој го одлучил.



**Потребно ми е време да размислам** - Тоа во суштина го говори оној, кој веќе добро размислил и веќе донел одлука, но не знае како да ја соопшти.

**Ти заврши го тоа, подобро се снаоѓаш** - Оваа доста лукава реченица крие нешто сосема друго: Ти направи го тоа, бидејќи мене не ме интересира, зашто не сакам со тоа да се занимавам, зашто не сакам да научам како тоа се прави. А вие радосни со тоа, што вашата организачка способност многу се цени, и овој пат наседнувате.

**Ти одлучи** - Слична е на претходната. Во суштина, сокрива вулкан. Зад неа можат да стојат следните пораки: Одлучи ти, бидејќи мене тоа не ми е важно; потполно сум рамнодушен кон боите на креветот или на́чинот на кој ќе го минеме следниот викенд; одлучи ти, бидејќи сум мрзоволен, бидејќи немам волја за планирање на иднината ни за донесување одлуки заедно со тебе; одлучи ти, бидејќи така ќе можам да те натерам да ја анализираш својата одлука (која сигурно ќе биде погрешна). Како и да се сврти, тоа е темпирана бомба зад привидната слобода на дејствување. деактивирајте ја. Натерајте го и него да донесува одлуки.

**Имав лош ден** - Може да се смета како машки еквивалент на познатото женско „**Имам главоболка**“. Во секој случај, најчесто значи: не се обидувај да ми се приближиш ни на било кој начин - не ми зборувај, не ме допирај. Проблемот не е во поминатиот ден, туку во тоа што би можело да се случи ако се обидете со сила да ја пробиете вратата на неговата интимност.

**Како можам да ти помогнам?** - Реченица која служи само како изговор додека вие сте распнати на сите страни. Не е потребно многу преземливост за да се постави сè на масата. Но од некоја непозната причина, мажите сè уште поделбата на домашните работи ја сметаат како „помош“, најчесто без обврска. Одговорот што сакаат да го слушнат е: **Нема потреба, злато, не е тоа ништо!**

*С. А.*

# Совети за нега на убавината



## Нега на лицето

Секоја возраст бара посебна нега, затоа би можело да се каже дека негата треба да започне од најраната возраст.

Мозолчињата и другите дамки на лицето не исчезнуваат само од редовна нега на лицето, туку треба да се внимава и на исхраната - потребно е да одбегнувате многу масно, благо, солено и разни зачини. Исхраната има големо влијание на изгледот и на квалитетот на кожата, затоа применувајте ги маските за лице, кои ќе го освежат тенот на вашето лице.

## Маски за лице

За да ви биде лицето свежо и опуштено, ставајте маска за лице почесто.

Ако имате **сува кожа** - од изгмечена банана и маслинов зејтин направете маска, ставете ја на лицето, а може и на вратот, оставете ја да дејствува 15 минути и потоа исплакнете го лицето со млака вода.

Лицето треба повремено да се мачка со смеса од млеко и растопен путер.

## Маска од магдонос

Оваа маска го освежува тенот и ги бледи дамките. Добро изгмечете ги ливчињата од магдоносот и додајте малку млеко. Смесата премачкајте ја на газа и залепете ја на лицето. Оставете ја да стои 20 минути. Потоа измијте го лицето со млака вода.

## Маска од моркови

Ја чисти и ја смекнува кожата, а лечи и лишаи. Во изрендани моркови се додава неколку капки маслинов зејтин. Смесата се става на газа а потоа на лицето, потребно е да стои 15-20 минути.

## Масна кожа и отворени пори

Добро исчистеното лице премачкајте го со лимонов сок, потоа на него нанесете маска од изматена белка. Ако на кожата има мозолчиња, нанесете маска од квасец со лимонов сок. Двете маски се држат по 15 минути, а потоа лицето се мие со млак чај од камилица. За масна кожа добро е да се стават облози и од краставичен сок.

## За комбиниран вид кожа

- Од млеко, мед и брашно направете смеса, што ќе ја нанесете на лицето и нека стои 15 минути. Измијте ја со млака вода или со чај од камилица.

- Изрендајте едно јаболко, додајте кајмак од млеко и растопен мед и смесата ставете ја на лицето. По 20 минути извадете ја со чај од камилица.

## За оние, кои имаат брчки

Во добро изматена жолчка измешајте маслинов зејтин, распоредете го рамномерно по лицето и вратот. Оставете го да дејствува 10 минути, а потоа измешајте го со цврсто изматени белки. По 15 минути измијте го лицето.

## Отстранување на митесери

Најдобро е да се оди на козметичар. Но, ако не сакате на козметичар, тогаш добро измијте го лицето со камилица, па со студена вода, премачкајте го со лимонов сок во кој има растворен еден аспирин.

*Бригита Лазарова*



# LISCA советува
# Одиме на плажа!

- Сакаш ли летово да го поминеш на суво или во вода?

- Дали телото ти е беспрекорно?

- Ти треба ли помош од навистина добар крој?

- Им се восхитуваш ли на последните заповеди на модата или сепак повеќе ја сакаш елегантноста?

Каков и да е твојот одговор, сигурно е дека на лето ти треба костим за капење што ќе ти се допаѓа и во кој ќе се чувствуваш добро. Од костимите за капење што мајсторите од Сенвинца годинава првпат ги здружија под една стоковна мерка LISCA, сигурно ќе најдеш модел по твоја мерка за летово.

Ако остануваш долго време во вода и ако сакаш долго да пливаш, избери костим за капење кој при мерењето ќе ти биде малку потесен. Во водата костимот станува порастеглив. Дури и ако летово целосно не се претвориш во морска сирена, кога ќе го мериш костимот за капење, внимавај да ти биде сосема удобен.

Ако немаш проблеми со телото, тогаш може да избереш некој костим од оние, што најмногу ти се допаѓаат. Ако ја сакаш модата, погледни ја серијата TRENDY. Се огледуваат по смелата заводливост на 60-тите години, го употребува чудотворното елече (push-up, Wonderbra) и најмодерниот бикини со подложени кошарчиња. Ги вклучува светликавите материјали со сребрен сјај, мрежестите плетива и костими кои изгледаат како да се од кожа или да се мокри. Некои модели имаат уште и патенти или ленти за врзување.

Сериите LADY EXCLUSIVE и ELEGANCE се замислени така, што ја нагласуваат убавината на зрелото женско тело и ги покриваат недостатоците. Новоста на годинешната колекција се розевите тонови и етно мотиви со природни структури. Елегантните модели се збогатени со набори (драперии), кои кога се на вистинското место, ги стеснуваат половината или колковите и ги нагласуваат градите. Добрата распределба на боите и на мотивите го прават телото хармонично.



Телото е уште поубаво во костими за капење од серијата BODY STYLE, зашто кројките, материјалот и мотивите во голема мерка го разубавуваат токму позаобленото женско тело. Тука спаѓаат посебните цврсти подлоги за покривање на стомакот, елечињата се многу вешто подложени и имаат пошироки прерамки, за да ги разубават дури и малку преголемите гради, изрезот околу нозете е мошне затворен, а гаќичките повисоки, токму да ги покријат колковите. Потемните тонови на еднобојните костими со набори и добро промислените фантастични и цветни мотиви на овој начин дополнително придонесуваат за стеснување на линијата на телото.

Освен многуте едноставни спортски модели (например, од серијата SPORT), во колекцијата за млади исто така, има и костими што го разубавуваат телото. Повисоките изрези ги нагласуваат колковите. Добрата распределба на линиите во комбинација со мотивите ја нагласуваат тенката половина, добро промислените шевови и ленти ги усогласуваат малите гради и пошироките колкови. Во колекцијата TEENAGER има модели од еластична памучна ткаенина во морнарски стил, со линии и точки, со цветни мотиви и со украси. Серијата YOUTH има поедноставни кројки и посмели изрази, релјефни материјали и модерно каро. Серијата MISS EXCLUSIVE содржи комбинации на различни мотиви и бои, линии со различна широчина, со што претставува посебно екстравагантна серија за капење, наменета за помладите.

Освен женските костими за капење LISCA произведува класични и модерни гаќички за мажи и момчиња и весели гаќички за капење, наменети за децата, Кај сите серии се чувствува присуство на модните заповеди, кои ова лето ќе се претставени преку сребрено-светликавите и структурирани релјефни материјали, со мали геометриски мотиви, линии и каро, комбинирани со цветови и букетчиња со кафеава боја и темни мастилави нијанси.

*Ленче Штерјова*

# *Разговори за модата*

# ВИЗИИ ЗА ИДНИНАТА

Модата не настанува случајно, ниту по кејф на поедините креатори, туку почнува да се „готви“ во специјални институти многу порано. Седумдесеттина експерти од десет европски земји се состануваат, се договараат и им ги предлагаат на дизајнерите темите и предметите како инспирации, и тоа, најпрво за материјалите. Добивајќи „задача“ дизајнерите и технолозите на материјал изработуваат примероци и ги изложуваат во парискиот салон „Premier Vision“ (Прва Визија). Креаторите на облеката и купувачите доаѓаат, гледаат, бираат, нарачуваат. Нарачаните ткаенини потоа се произведуваат во поголеми количини, од нив се шијат колекции, т.е. само примероци на



моделите по нацртите на креаторите, како би можеле да стигнат на салонот на конфекција, кој се одржува отприлика шест месеци пред



определената сезона.

На тој саем доаѓаат трговци, избираат модели и го нарачуваат она, што ќе се најде во продавниците. Од изгледот на моделот, квалитетот на материјалот и изработката, а посебно од цената зависи што ќе се продаде. Дури она, што „излегло“ на улиците и што е масовно прифатено, постанува мода.

Бидејќи на крајот од јануари во Париз бил завршен Pret-a-porter саемот на конфекција за есен и зима 1997, веќе од 7-10 март се одржа салонот за текстил Première Vision, на кого беа прикажани првите визии на модата за пролет и лето 1998 година. На 45000 квадратни метри беа 850 изложувачи, најмногу од Европа и 50000 посетители од целиот свет. Разгледувањето на штандовите е вистинско доживување, вклучувајќи и филм, аудио-визуелни информации, кои траат десетина минути.

Веќе на самиот влез ќе ви стане јасно дека како што е ред во модата, се предвидуваат промени. Инвазијата на пластиката се намалува, а се наметнува сѐ што изгледа природно и здраво. Овојпат, инспирација се најубавите плодови, пиперки, домати, моркови, карфиол, лук... сместени во дрвени гајби како на пазар, но и жабите, ластовичките, бумбарите, самовилските коњчиња... кои ја сочинуваат еколошката средина. Сето тоа се најде и на живописните и необични костими на младите хостеси, вработени на саемот. Сепак, овој голем пазар не ги занемари ни традиционалните ткаенини.

Боите кои ќе ја облечат пролетта и летото на идната година се природните тонови, бела, жолта, портокалова, црвена, свежо зелена, повеќе тонови на сино и неизбежна црна. Најмногу се наметнува ретро-





романтизмот, обележен со цветни дезени и женственоста на дваесеттите и триесеттите години. Сè е исто како и ова лето, само под други имиња.

Додека на париските тревници и во крошните на дрвјата веќе почна да се буди пролетта, во изложбениот парк близу аеродромот „Шарл де Гол", како во некој мравјалник, се извршуваат договарања за ткаенини, креаторите на облеката веќе ги скицираа првите модели за идната година, а во градот почнаа и ревиите на високата мода за есен-зима 1997. Така исцрпувачки поминуваат модните работи од саем до саем. На првиот следен, во почетокот на септември, ќе биде прикажана конфекцијата за пролет-лето 1998, а во октомври повторно текстил и што ни донесува зимата 1998 година.

**1. Во силни бои**

Пролетта и летото, покрај бледите пастелни тонови, донесуваат и многу силни бои - циклама, виолетова, жолта, портокалова, зелена, црвена... од глава до пети или нивни неочекувани комбинации.

**2. Нов сафари стил**

Фустаните, здолништата, панталоните, кошулите и јакните од платно, најчесто во беж тонови, со многу нашиени џебови и украсни штепови, тоа е во кратко, новиот сафари стил, кој зафаќа значајно место во модата и оваа сезона. Ново е: една линија повеќе при телото, панталони од различни кроеви и должини и црна чипка како дополна.

**3. Романтични цветови**

По подолго време, во мода се врати романтиката - женствени фустани од нежни, често проѕирни материјали и многу цветни дезени од најситни до најкрупни, пастелни тонови или контрастни бои.

**4. Црно и помалку бело**

Црната веќе подолго време не е резервирана само за навечер и свечени прилики. Во текот на оваа пролет и лето, ќе ја има многу - на мантилите, костимите и разните комплети, од глава до пети („Total look") или во идеалната комбинација со малку бело.

**Моден хит - панталони**

Веќе неколку години можеме да избираме меѓу тесни, класични и рамни, широки, кратки или долги ногавици на панталони. Во последно време „симнати" се фалтите од појасот, кој е на струкот или малку спуштен. Меѓутоа, иако креаторите секогаш бараат инспирација во некоја помината мода, оваа сезона во досегашниот избор ги приклучија и моделите, кои беа хит педесеттите и почетокот на шеесеттите години - тесни, должина три четвртини или околу колениците.

*Гордана Атанасова*



# Македонски студентски игри '97




Во периодот од 9 до 13 мај во хотелот "Еуротел" во Струга се одржаа традиционалните Македонски студентски игри. Учесници на овие игри беа факултетите од двата Универзитети во Македонија. На истите, како гости беа присутни и делегации од повеќе држави, меѓу кои од Израел, Словенија, Франција, Бугарија и др.

Свеченото отварање на МСИ беше закажано во 18 часот. Прв на присутните им се обрати ректорот на битолскиот Универзитет "Св. Климент Охридски", проф. д-р Димко Кокароски. Игрите за отворени



*Учесниците од Филозофскиот факултет на Македонските студентски игри - Струга 1997*

ги прогласи ректорот на скопскиот Универзитет "Св. Кирил и Методиј" проф. д-р Радмила Кипријанова. Филозофскиот факултет зеде учество и на овие МСИ, како и останатите факултети. Натпреварувачите од Филозофскиот факултет, иако во помал број за разлика од другите факултети, се натпреваруваа во повеќе дисциплини, меѓу кои: фудбал, ракомет, пинг-понг, стрелаштво, шах..., и постигнаа одлични резултати. Од позначајните резултати секако треба да се издвои I место во стрелаштво екипно, во состав Александер Јосифоски, Горан Настески, Игор Ѓорески. Поединечно II место во стрелаштво - Горан Настески. Трето место екипно (жени), исто така во стрелаштво, во состав: Соња Андоновска, Лидија Тасева, Гордана Атанасова. Трето место екипно (жени) шах, во состав Лидија Тасева, Соња Андоновска. Треба да се напомене и тоа, дека поединечно во шах беше заземено IV место. Женската ракометна екипа од Филозофскиот факултет се пласира на IV место. Машката фудбалска екипа стигна до разигрување за во полуфинале. Учесниците од Филозофскиот факултет, благодарение на деканската управа, беа меѓу најдобро опремените екипи на овие студентски игри. За секоја дисциплина беше обезбедена соодветна опрема. Организаторите од Филозофскиот факултет уште еднаш беа на висината на својата задача (беспрекорна организација, конфорно сместување, добро организиран превоз за своите учесници и т.н.).

Останува уште тоа да посакаме наредните студентски игри да бидат со поголемо учество од Филозофскиот факултет и се разбира, со повеќе награди.

*Оливер Бакрески*

# ОД СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ



По повод, сега веќе одржаните МСИ '97, на 12-13.04 Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет организираше турнир во мал фудбал. Овој собир на најквалитетни играчи од нашиот факултет послужи за селектирање на екипата, која нè претставуваше на МСИ '97.

Четирите екипи пријавени на турнирот, прикажаа добар фудбал. Потврда за тоа е и присуството на многубројната публика покрај спортското игралиште на СД „Гоце Делчев“. Натпреварите се одржаа по принципот секој со секого, при што екипата на ССФзФ прикажа најмногу и со две победи и еден нерешен резултат го освои првото место. Второто место ѝ припадна на екипата „Пијанец“ од Институтот за одбрана, додека третото на Институтот за социјална работа.

ССФзФ како и многу пати досега ги потврди своите организаторски способности, што веќе станува негов препознатлив белег во студентските кругови. За првите три пласирани екипи беа обезбедени вредни награди. Дресови за првата, маички за втората и капчиња за третата екипа. Коктел и прием на наградите беше организиран во ноќниот клуб Синема.

Сè на сè може да се каже дека натпреварувачите поминаа два незаборавни дена, при што другарувањето и забавата беа во прв план.

*Тони Милески*

# КАКО СЕ СЛАГААТ ЕМОЦИОНАЛНО



**Машко О и женско О**

Таквите парови обично се слагаат просечно. Врската функционира само ако машкото е многу постаро: тогаш се разбираат без запаѓање во големи и непотребни дискусии. Припадниците на крвната група О со различен резус фактор прават многу посолидни заедници.

**Машко О и женско А**

Одлична комбинација. Тој сака пријателска заедница на која ништо не ѝ недостасува. Тоа го поддржува против сите. Често тоа е многу бурно. Но на крај тоа сѐ се среди. Машко со крвна група О без оглед на резус факторот, ќе му се досадат жени од крвна група А (пред сѐ ако е +) 0 ако се покаже малку повеќе авторитативен. Во 40% случаи таа го напушта.

**Машко О и жена В**

Обично се силно заљубуваат и затоа се врзуваат повеќе со разум, отколку со чувствата. Доколку го мачи сомневање, што е чест случај кај крвната група О+ - таа мора да ја жртвува својата кариера заради неговата. Може да живеат во брак, еден покрај друг, како двајца странци, без да се остават. Тажно...

**Машко О и жена АВ**

Потребна ѝ е неговата одлучност, а пред сѐ карактерот. Ако не е површен, таа ќе го сака бескрајно. Машко со крвна група Orh+ и женско со АВ rh - се идеален пар. Страст, разум и чувство, сѐ е совршено и урамнотежено ако таа му го поклони своето поверение. Но тоа не се случува често!

**Машко А и женско О**

Идеален брак или заедница. Совршено се надополнуваат. Таа е добра, а тој нежен и снажен. Единствено што може да ги раздели е неговото незадоволство од работата. Изгледа дека во оваа комбинација резус факторот не е важен.

**Машко А и женско А**

Многу е убаво, само ако е вистина! Исти вкусови и склоности, живот напнатост и судири, комфорна и удобна куќа, убаво воспитани деца. Пред сѐ, машки со крвна група Arh+ и женски со Arh- прават складна заедница. Но, често се случува да се оддалечат еден од друг, ако не се од иста професија, или ако немаат заедничко хоби.

**Машко А и женско В**

Овој пар прават одлична заедница која може да биде долготрајна, под услов таа да му верува и да тој го заслужува тоа поверение. Мир, слога, нежност, тие се сакаат...

**Машко А и женско АВ**

Овој пар остварува мирна заедница, преполна со нежност и разбирање, и еден на друг бараат разбирање и сигурност и лесно ја препознаваат. Опасноста доаѓа од досада и рутина, која ги оддалечува и најзаљубените срца. Најдобра ком-



бинација: машко Arh- и женско ABrh+

**Машко В и женско О**

Таа е премногу во брзина, премногу ексклузивна за неговиот вкус. Таа може бескрајно да го заморува или лудо да го забавува. Мора да ѝ пружи сексуално задоволство или за неа ќе постане странец. Оваа заедница е експлозивна, освен во случај двајцата да се рх+

**Машко В и женско В**

Две слични суштества на кои им треба долго време да се привикнат еден на друг, при што вложуваат многу труд отколку што им е потребно. Многу повеќе се пријатели отколку љубовници. Овој пар не претставува идеална комбинација, освен во случај кога имаат различни rh фактори.

**Машко В и женско АВ**

Взаемно се почитуваат и разбираат Повеќе се брат и сестра, отколку маж и жена. Нивниот заеднички живот е сложен. Машко В со многу тактови може да ја извести жената АВ дека ја смета за сопатник. Инаку таа сексуалното возбудување ќе го побара на друго место. Ако машкото и женското се rh-, оваа комбинација е во 50% случаи успешна.

**Машко АВ и женско О**

Експлозивен и неверојатно интересен пар, пред сѐ ако имаат одвоени професионални животи. Ако покрај тоа, интимно се разбираат, ќе станат идеален пар. Во спротивност, тоа е војна на ѕвездите. Rh факторите не се битни за оваа комбинација.

**Машко АВ и женско А**

Тој е готов за да пружи помош. Таа многу тешко ја прифаќа неговата пасивност околу домашните работи. Нема чувство за нега и мора да вложува голем напор на секој чекор., пред да ја прифати неговата фантазија која е совршено безизлезна. Подобро се слагаат доколку се со различни рх фактори.

**Машко АВ и женско В**

Складен, стабилен и доминантен пар, кој доста умешно ги соединуваат чувствата, интимниот и друштвениот живот. Парадоксално е тоа што најчесто немаат ништо заедничко. Тие се сакаат и тоа е сѐ!

**Машко АВ и женско АВ**

Две идентични суштества. Исти вкусови, планови, начини на забава... тоа и не е така лошо. Ако успеат со тоа да ја остварат својата фантазија, под покривот ќе настане прав огномет. Опасност во рајот претставуваат нејзините обожаватели, а кај машките бурен професионален живот. Во оваа комбинација rh факторите не се важни.

*Л. Ш.*



# ЛЕСНО ЛИ ЈА ГУБИТЕ САМОДОВЕРБАТА?



**1.** На улица некој ви подвикнува „Здраво!". Дали ќе се завртите?
а) Да - 0
б) Не - 4
в) Само ако го препознам гласот - 2
**2.** Треба да патувате со воз. Кога ќе бидете на станицата?
а) Повеќе од половина час пред поаѓањето на возот - 0
б) Пред самото поаѓање - 4
в) Околу 15 минути пред поаѓањето - 2
**3.** При купувањето облека брзо ли одлучувате?
а) Да - 0
б) Не - 4
в) После извесно колебање - 2
**4.** Дали би ви било непријатно ако ви се наложи потреба да побарате кредит од банка или заем од пријатели?
а) Не - 0
б) Малку - 2
в) Многу - 4
**5.** Имате ли обичај гласно да се проѕевате?
а) Да - 4
б) Не - 1
**6.** Пробирлив(а) ли сте кон храната?
а) Многу - 0
б) Не многу - 2
в) Малку - 4
**7.** Некој ѕвони на вашата врата и вели дека собира пари за добротворни цели. Ќе му поверувате ли?
а) Не - 0
б) Да - 4
в) Не знам - 2
**8.** Се срамите ли или збунувате, кога треба да зборувате со телефонска секретарка?
а) Да - 4
б) Не - 1
**9.** Ако в продавница ви спакувале погрешен артикл отколку што сте купиле, ќе се обидете ли да го замените дури и ако сте ја загубиле белешката?
а) Ќе се обидам - 0
б) Тоа нема смисла - 4
в) Зависи од конкретната продавница - 2
**10.** Кој тип на автомобили најмногу ви се допаѓаат?
а) Големи лимузини - 4
б) Спортски автомобили - 2
в) Теренски автомобили - 0
**11.** Какви жени повеќе ви се допаѓаат?
а) Бринети - 1
б) Блондини - 4

**ОДГОВОРИ:**
**До 17 поени**: Не секогаш пројавувате самоувереност. Доволно е некој строго да ве погледне и веќе вие раздразнето реагирате. Особено, кога со таа личност и порано сте имале слично искуство. Ако направите обид тоа рационално да го отстраните, имате шанси животот да го минете како самоуверена личност.
**Од 18 до 36 поени**: Вие сте стабилна личност имате прилична доза самоувереност. Затоа другите прилично тешко можат да ве извадат од такт. Ви помага и тоа што сте умешна личност во однос на критичните ситуации со примена на филозофијата како ништо да не се случило. Со таа особина можете да служите за пример.
**Над 36 поени**: Без оглед на ситуацијата вие сте самоуверена личност. Но, не е ли тоа самоувереност случајно само маска, зад која се крие мошне несигурна личност?

# *од 1.06.1997 до 1.07.1997*

***Овен***

Добро насочете ја вашата енергија во правец на учењето. Концентрацијата може да ви биде намалена околу 6.06. Не дозволувајте некој во друштвото да ја злоупотреби вашата дарежливост. На 18.06 ќе бидете ментално активни и одлучни. Од 24.06 вашите организирачки способности се подобруваат.

**Бик**

Првата недела ќе бидете свртени кон натпреварување. Имате желба да воспоставите дисциплина. Може да имате проблеми на финансиско поле. Околу 18.06 односите со љубовта ви се подобруваат. Потребно ви е да се чувствувате општествено корисни. Крајов на месецов ќе имате успех во кариерата.

**Близнаци**

Околу 5.06 ќе бидете незадоволни ако вашиот напор не биде признаен. Избегнувајте морални конфликти. На 20.06 може да дојде до конфликт со партнерот или на професионално поле. После 24.06 ќе бидете склони кон нагласување на сопственото значење и догматични.

**Рак**

Немирни сте и директни. Добро би било почетокот на месецот да се изолирате од околината. Вашата смисла за финансии на 10.06 искористете ја на правилен начин, за да не дојде до проблеми. После 20.06 вашата остроумност и интуитивност се нагласуваат.

**Лав**

Ќе бидете нетолерантни ако очекувањата не ви се исполнат. Околу 8.06 можете на многу начини да ги искажете своите идеи. Избегнувајте конфликти на љубовно поле. Околу 22.06 односите на љубовен план ви се подобруваат.

**Девица**

Дозволете да ви помогне една женска особа во желбата за напредување. Околу 10.06 може да бидете апатични и да дозволите работите да се развиваат по својата насока. Во втората половина од месецот ќе имате шанса да се докажете на професионално поле.

**Вага**

Вашето супер его ќе биде доста изразено. На 6.06 ќе ги потиснувате своите силни емотивни реакции. Од 15.06 избегнувајте судири со непосредната околина заради новите идеи. Од 24.06 вашата креативност ќе биде нагласена во склад со оригиналноста.

**Шкорпија**

Во односите со партнерот повеќе сте несвесни отколку свесни или објективни. Околу 6.06 нема да ја добиете потребната подршка од другите. Подобро би било да не ги истражувате оние таинствени работи, над кои немате контрола во втората половина од месецот.

**Стрелец**

Не му поставувајте преголеми барања на партнерот. Во почетокот на месецот ќе имате голема енергија, со која ќе можете добро да ги извршувате задачите. Околу 18.06 ќе сакате да го добиете тоа, што ви недостасува од партнерот. После 24.06 ќе сакате да отпатувате некаде.

**Јарец**

Околу 6.06 може да бидете скептични за работата, на која треба да ѝ се прилагодите. Може да имате финансиски трошоци. На 18.06 ќе имате контакт - пријателски со особа која не е од ваша средина. Подобрувањето на финансиската страна ќе ве направи емотивно сигурни.

**Водолија**

Вашата драматичност нема да ви помогне да ја добиете подршката од другите. Околу 10.06 не се насочувајте кон задоволствата. После 18.06 може да очекувате успех на професионален план. Крајот на месецот треба да обрнете внимание на вашата физичка состојба.

**Риби**

Почетокот на месецот ќе ве обземе желба за докажување. Сакате да биде по ваше и кога сè е во ред. После 6.06 може да бидете брзоплети - не ги покажувајте вашите слаби страни. Околу 22.06 искористете ја вашата интуиција во реализирање на плановите.

*Астролог,*
*Светлана Аранѓеловиќ*



## Скандинавка

1. Наша артистка (фотос)
2. Вид вишна (мн.)
3. Вид литературно дело (мн.)
4. Староегипетски писател
5. Вид платно
6. Грчко движење на отпорот
7. Либански политичар Рашид
8. Вид експлозив
9. Скијачката Мек Кини
10. Грчка гозба
11. Француски филозоф Саломон
12. Женско име
13. Поседувачи
14. Отровна билка
15. Државни благајни
16. Сакана, драга
17. Разделен сврзник
18. Црвенило на кожата - арапски лекар и филозоф
19. Грчка буква
20. Скијачката Мозер Прел - мерка за тежина
21. Ангстрем
22. Гала Виденовиќ - германска атлетичарка Розмари
23. Област во Јужноафриканската Република - Катина Иванова
24. Смешен цртеж
25. Вид квалитетно вино
26. Личност од Стариот Завет
27. Никулец
28. Змеј, аждер - богатсво (арх.)
29. Ампер - држава во Азија
30. Турција
31. *Предлог - додаток пред имињата* на католичките свештеници
32. Италија - остров во Мала Преспа
33. Киловолт - Елизабет (нагалено)
34. Извештачена свеченост во говорот
35. Митолошки крал на Британија - Золтан Илин
36. Калциум карбонат
37. Рамница
38. Процес на создавање органски соединенија

Автор: Миланчо Миленкоски

## *РЕБУС 6,2,4,2,8?*




***Гарднер Савалас Рајдер Самер Спелинг***

**Решение:** *Давате ли вино на донатори?*




**проф. д-р ФЕРИД МУХИЌ**
**ЧАДОТ ОД ДОГОРЧЕТО НА СОНОТ**

Есејот и поезијата - основните изразни форми во делото на Ферид Мухиќ, одново се наоѓаат во дарохранителницата - табернакул, таму каде што се похрануваат дарови за немоќните и болните.
Силината на сублимираното чувство, на сублимираната во каписла мисла, се предава повторно преку еден друг сублимат - песната. Збирката се распрснува во стотина песни, а панцирот на *разумот и должноста* не успева да го заштити срцето од најексплозивното полнење на зборот.
За книгите поезија досега велевме дека се збирки ако во нив има макар само една добра песна, песна што ќе се запамети и ќе го оправда трудот на сите оние, кои вложиле енергија, време, знаење и љубов, во правењето на таа книга. Оваа збирка поезија со својата хомогеност и цврстина од една и сеплавечка лиричност и животност од друга страна, не оставајќи ниедна празна бразда во полето што е предмет на нејзиниот занает, востановува друг критериум кој гласи вака: лоша книга е онаа во која има макар и само една лоша песна.
Хомеопатската постапка на лекување што авторот ја применува со оваа збирка, супстратот на сета своја светлина, топлина, мирис и зреење дестилиран во најтајните предели во умот, а потоа даруван речиси како света вода, ја оправдува бесценетоста на обидот и содржината и неговото свечено дејство врз оние, кои треба да престанат да се штипкаат барајќи на тој начин одговор за својата состојба на будност или сон.
Свеста за менливото и минливото, за вечноста и промената, за сеприсутниот сон што го живееме и животот кој го сонуваме, всушност е *вратената стрела во тоболката* - кожното ќесе што само непотребно го оптоварува грбот, без можност нејзината содржина да не доведе до целта.
Воведниот есеј, првата и последната точка во совршената форма на кругот, авторовото совршено владеење со овчичките од стадото на зборот, рибите и птиците од јатата на неискажаното а доловено со мекоста и белината на волната од тоа стадо, се онаа радост поради која и Табернакул се обидува да ја втисне чистата енергија на ова царство во поцврст материјал од челикот и дијамантот, да ја зароби а сепак да ви ја предаде во ваше лично владеење и да ви отстапи спрема совеста да го градите својот однос кон оваа заробеничка.




**ДЕФЕКТОЛОШКА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА**

Напоредно со оформувањето на Институтот за дефектологија, на Филозофскиот факултет во Скопје започна да излегува списанието „Дефектолошка теорија и практика“. Ова списание стручно и научно ќе ги иницира и презентира проблемите и третманот врзани за заштитата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот, обединувајќи ги напорите и активностите на широк круг на луѓе, кои се занимаваат со нивното разрешување, вклучувајќи ги и наставничките кадри на Институтот за дефектологија.


EIN-SOF
SIEMENS
NIXDORF
HARDWARE
SOFTWARE
PUBLISHING
MULTIMEDIA
Vo Ekonomski fakultet, Skopje
Tel./fax 11 11 23/ 11 23 08


CINEMA
NIGHT CLUB
CLUB OF STUDENTS
FROM THE UNIVERSITY OF SKOPJE